## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 мај 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Госпоѓо Бонева тоа што имавме како техничка можност, повелете.

(На поставениот видео бим се прикажани пратениците според редоследот како се пријавуваат за збор, а исто така се прикажуваат и пријавените пратеници за реплика, што присутните пратеници во салата го поздравија со аплауз).

**Силвана Бонева:** Само и штоперка претседателе, да знаеме откако ќе кажете кој бара збор да бидат одброени секундите. И, ќе немаме повеќе кавги.

**Љупчо Јордановски:** Само една работа би сакал да ве предупредам.

Човекот има неограничени капацитети да издржи долги дискусии, разни дискусии. Но машинава не може. Ако откаже, нема Господ што ќе замоли повторно да почне да работи. Затоа ве молам, ова е експериментално, ќе видиме како ќе профункцонира. Но, еве сега. . .

**Слободан Чашуле:** Процедурална забелешка господине претседателе, само не е напишано, според Уставот, на македонски јазик и со кирилично писмо.

**Љупчо Јордановски:** Се согласувам дека не е на македонски, но договорот што го имаат направено претходните претеходници е таков.

Ние ќе поработиме на тоа да направиме нов софтвер каде што ќе биде Уставно.

И јас глелдам, но мислам дека сега ќе нема проблеми, но ќе го скратам чекањето за пријавување од 10 секунди на 5 секунди.

Господине Краљевски мислам дека не треба да ве повикувам, бидејќи веќе се читате горе, имате збор.

Потоа, нека се подготви господинот Марјан Ѓорчев.

Се извинувам, имавте реплика госпоѓо Бонева, заборавив.

Госпоѓа Бонева има три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, жал ми е што колегата Трендафилов не е тука, меѓутоа во интерес на. . .

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам, погрешив.

Се извинувам госпоѓо Бонева, според сценариото морам да прочитам кои се отсутни, да ја отворам седницата.

Продолжуваме со работа по Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Саммоиловска - Цветанова, Љубисав Иванов Ѕинго, Љубчо Георгиевски,Орданчо Тасев и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 32 - Предлог за донесување на закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог на закон.**

Реплика има госпоѓа Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Во интерес на јавноста, мислам дека е потребно да се појасни она што вчера го кажа господинот Трендафилов во неговиот говор, дека пратеничката група на ВМРО - Народна ќе се потпира и ќе наоѓа потпора во членот 13 и членот 36 од Уставот на Република Македонија и дека токму заради тоа нема потреба од носење на закон и нема да го поддржат законот за соработка со Меѓународнмиот кривичен суд во Хаг.

Ќе кажам дека членот 13, во ставот 1 зборува за презункција на невиноста, а во ставот 2 зборува дека лицето кое е незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено има право на надомест на штета и други права утврдени со Закон. Значи, имаат право за надомест на штета сите оние за кои ќе се докаже дека неоправдано биле притворени или осудени. И, дека нивните права ќе бидат утврдени поконкретно со закон.

Тоа и го правиме во моментов. Предлагаме закон за конкретно да се утврдат правата, меѓутоа, не после утврдувањето на нивната невиност, туку сега, бидејќи и на семејствата и на обвинетите и за потребите на одбраната неопходни се потребни средства што ги бараме со предлагањето на овој закон.

Во членот 36, пак, на кој што се повикува господинот Трендафилов се зборува во ставот 1, дека Републиката им гарантира посебни социјални права на борците од Антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуватените и затвораните за идејата на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можност за материјална и социјална егзистенција.

Се согласувам, во тоа што најверојатно овде господинот Трендафилов ги вбројува и господинот Бошковски и господинот Тарчуловски, кои учествуваа во војната во 2001 година. Меѓутоа, и овде се зборува за дејствие што треба да следува откако ќе биде докажана нивната невиност, а во членот 36, став 2, воопшто не беше спомнато од негова страна, бидејќи јасно е кажано дека посебните права се уредуваат со

закон.

Значи, токму тоа сега го правиме и Уставот повикува дека е потребно да се донесе посебен закон за да може да произведе правни дејствија и врз двајцата обвинети кои во моментов се во затворот во Шевенинген. Значи, неопходно е потребно донесувањето на овој закон и доколку. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Господине Чашуле вие имате реплика или збор?

Господине Краљевски имате збор, повелете.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, толку колку што сте тука, според мене, предложениот закон, веднаш на почетокот ќе кажам дека е депласиран и тоа од повеќе причини.

Прва и основна причина е што со овој закон се прави обид да се регулираат одредени односи со еден меѓународен субјект што престанал да постои.

Имено, во член 1, став 2 од предложениот закон дефиниран е субјектот со кој што се регулираат односите со овој закон, а тој субјект е Меѓународниот кривичен суд во Хаг за воени злосторства, сторени на територијата на поранешна Југославија.

Од друга страна, со Одлука на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите Нации, овој суд престана да функционира на 31.12.2004 година и е во обврска да ги заврши предметите што се започнати и што се во тек, а во кои предмети спаѓаат и предметите за господинот Љубе Бошковски, актуелен пратеник на ова Собрание и господинот Јохан Трчуловски.

Според тоа, ако предлагачите претендираат да регулираат и пополнат една правна празнина во нашата легислатива, тогаш тие се во заблуда за објектот на регулацијата. Бидејќи истиот не е веќе во функција. Евентуално ќе имаше смисол целата оваа акција ако законот беше упатен за соработка со Меѓународниот кривичен суд според Римската повелба кој би ги покрил, не дај боже, сите идни случаеви на кршењето на Меѓународното воено право до степен на воено злосторство.

Од друга страна, ако пак се сакаше да им се помогне на нашите двајца граѓани кои, патем речено, во својство на службени лица го бранеа уставниот поредок, територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија, а на што се обврзаа истите според Уставот и законите на Република Македонија, тогаш, чинам, поцелисходно ќе беше предлагачите, ако имаа искрени намери, да им помогнат на Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, во што не се сомневам, во нивните искрени намери, да предложеа закон, што јас би го именувал или би сугериал евентуално ако имам прилика да се именува како"Закон за пружање на правна помош и гаранции на Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски во постапката пред Меѓународниот кривичен суд за воени злосторства сторени на територијата на поранешна Југославија". Бидејќи само на ваков начин, со ваков закон, би рекол закон специјално наменет за Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски ќе се анулираше општото дејство на законот кое би можело на овој предложен сега законот предлагачите, кое би можело да ги опфати сите граѓани на Република Македонија, без оглед на која страна беа во конфликтот 2001 година. И, ќе се апострофираше, дополнително ќе се апострофираше улогата и делото на господата Љубе Бошковски и Јохан Трчуловски.

Овој заклучок произлегува од фактот што од вкупно 37 членови на предложениот закон, само 7 члена се однесуваат на правата на обвинетиот во притвор пред Меѓународниот кривичен суд и членовите на неговото семејство. Тоа, дополнително кажува дека предложениот закон е задоцнет, дека е пост-фестум и дека останатите 30 членови ја регулираат онаа состојба во која беа пред да се најдат во Хаг господинот Љубе Бошковски и Јохан Трчуловски. Значи, целата онаа постапка околу барањето од Хаг да бидат испорачани, па постапката на нашите домашни органи во нивното спроведување до Хаг, предавање до Хаг и нивните права во однос на користењето на документацијата што е во архивите на органите во Република Македонија, а ќе им бидат потребни за докажување на нивната невиност, за она за што се товарат, односно за што се обвинуваат.

Според тоа, ако се земе предвид дека Владата на Република Македонија има донесено Одлука за пружање на државни гаранции, исто така, ако се земе предвид дека премиерот на Република Македонија даде јавно ветување пред целата македонска и надворешна јавност дека Република Македонија ќе ги покрива трошоците за одбраната на обвинетите и за посета на нивните семејства и дека ќе им биде на достап секогаш документацијата што ќе им послужи во текот на докажувањето на нивната невиност во постапката пред Хашкиот трибунал, тогаш уште еден аргумент повеќе дека овој закон е депласиран и дека, едноставно, предлагачите можеби треба да го повлечат. И, ако сакаат да ја исполнат функцијата и нивните мотиви, односно крајната цел помош, обвинетите Љубе Бошковски и Јохан Трчуловски и на нивните семејства, овој закон треба да го дадат во една преименувана форма и во една трансформирана содржина во насока на, би рекол, оној предлог што јас го дадов.

Еве, заради јавноста, заради предлагачите, уште еднаш би го повторил. Овој закон да се трансформира во "Закон за пружање на правна помош и гаранции на Љубе Бошковски и Јохан Трчуловски во постапката пред Меѓународниот кривичен суд во Хаг, за воени злосторства сторени на теиериторијата на поранешна Југославија".

И на крајот, не знам зашто толку се крена, ајде да употребам една метафора, прашина околу овој закон и различните погледи од страна на опозицијата. Чинам дека тоа е нормално, ако се земе во предвид различната позиционираност на

политичките субјекти, односно политичките партии и пратенички групи што ги застапуваат тие партии во Собранието на Република Македонија, на политичката сцена во Република Македонија. На крајот на краиштата, такви разлики постојат и на страната на позицијата. На пример, имамем припадници на ултралеви партии кои во своето дејствување користат анархо-терористички методи, па имаме се до партии блиски до центарот, како што се да кажеме либерал-демократите итн. Тука би ги позиционирал социјалдемократите, блиску до ултралевите, бидејќи коалицираат со таква структура. Но, тоа не пречи, заради различноста на лепезата на политичката сцена во Република Македонија . Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Требаше да кажете има и ултрадесни. Тоа го резервирате за друго нешто.

Госпоѓо Бонева еве се гледате, имате реплика три минути.

**Силвана Бонева:** Навистина, не ми е јасен колегата. Ако сака да помогне на луѓето кои се наоѓаат во притвор, тогаш ќе дадеше амандмани за сето она што го зборуваше, а ние како предлагачи, тргнувајќи од тоа да им помогнеме на луѓето кои во моментов се наоѓаат во притвор, во затворот во Шевенинген, ќе ги усвоивме амандманите се со цел законот да биде подобар, за да можеда биде применлив.

Меѓутоа, не можам да прифатам тоа што го кажа колегата Чедо Краљевски дека законот е депласиран. Бидејќи ако е депласиран во делот на испорачувањето, ако е депласиран во делот на истражните дејствија, не е депласиран во делот на обезбедување на докази што се потребни на одбраната, се со цел да се заврши процесот во Хаг онака како што сите посакуваме.

Не може, во исто време пак, што ќе се случува доколку Судот во Хаг одлучи да го прошири обвинението, како што има могу вакви случаеви, видовме и во Хрватска, па се почне повторно од почеток за други луѓе, повторно од почеток, испорачување повторно од почеток, истражни дејствија. Дали тогаш нема да има потреба и од овие делови што ги регулира овој закон?

Значи, постоењето на Судот во Хаг сеуште е реалност, без оглед на тоа што е кажано дека ќе престане да постои на 31.12.2004 година, меѓутоа со обврска да ги заврши предметите. Многу убаво кажа господинот Чедомир Краљевски. Сеуште не се затворени предметите. Не се завршени. Не е завршена ниту доказната постапка.

Неопходно е потребно да суштествува еден ваков закон, доколку вистински сакаме да им помогнеме на луѓето кои се наоѓаат таму. Посебно на нивните семејства. Бидејќи, она што се тврди дека Уставот им гарантира право и на нивните семејства за надоместоци, потребно е да биде прецизиран, а Уставот и самиот вели дека тие посебни права се уредуваат со закон. Тоа заборавија да го спомнат.

Значи, мора да постои закон што јасно ќе каже што е тоа што треба да биде регулирано и што е тоа што треба да им се даде и на семејствата и во однос на регулирањето на другите права. Ако има добра волја, неопходно е потребно да се донесе овој закон.

Ако сакаат да помогнат, можат да реагираат со амандмани. Ние сме подготвени да ги поддржиме амандманите од сите политички групи, се со единствена цел да се подобри текстот на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Краљевски може да прегори овој видео-бим. Затоа имате сега една минута контра реплика.

**Чедомир Краљевски:** Добро, благодарам господине претседателе.

Ќе гледам од сега, додека се навикнеме да гледаме нагоре.

Јас незнам со кои зборови дополнително би објаснил дека законот, во најголем дел или во делот на 30 членови, од вкупно 37 членови е депласиран и, ајде да неупотребам, но веќе сум предизвикан да го употребам зборот, апсурден. Апсурдноста и депласираноста ја објаснив во текот на моето излагање.

Ништо лошо јас не предлагам. Се согласив со искрените намери на предлагачите, дека се сака да им се помогне на господата Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски и ако тие намери се искрени како што верувам дека се искрени, тогаш предлагам да го повлечат овој закон и да го преименуваат во друга форма и со друго име. Да биде законот за помош. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Краљевски.

Господинот Марјан Ѓорчев, не е тука, избришете го.

Господинот Блаже Стојаноски, не е тука, избришете го.

Повелете господине Чашуле имате збор.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседател,

Се чувствувам неописиво тешко, навредено, посрамотено, пред се, од ефтиниот популизам кој се обидуваме сега постфестум да поправиме нешто, во кое сите грешевме. И тоа ми паѓа најтешко од се.

Јас како министер за надворешни работи, кога дојде Карла Дел Понте овде, со сета сила се залагав тогаш 2002 година да го донесеме судот,одредени предлагачи на овој закон, кој е по мое длабоко убедување задоцнет, иако во себе содржи неопходни работи, ние тој закон тогаш не го донесовме. Сега го носиме.

Немаше да се јавам, да не беше оваа расправија во опозицијата. Немаше да се јавам да не разговарав, т.е. тој ми се јави, затоа што јас нему не можам, тој мене може, со Љубе Бошковски. И немојте ова да го сватите како мој ефтин популизам, меѓутоа, тој за мене е сеуште

пратеник во ова Собрание и треба да го чуете во оваа пригода и неговиот глас и затоа се јавив за збор. Тој не е за овој закон. И тоа двапти ми рече. не ми треба таков закон. Белки знае што зборува, тој е правник, а јас го пренесувамнеговото мислење до вас. А точно е дека треба и нему и дека треба и на семејството на господинот Трчуловски, кој не е пратеник и незнам дали е правник да им помогнеме. И не гледам во што е лоша замислата, што ние денеска овдека конструктивно ја ставаме на маса пред нашите некогашни сопартици колеги, да направиме специјален закон во кој ќе ја уобличиме државната гаранција, обврските на државата Република Македонија И во кој ќе ги додераме, ќе ги допрецизираме правата на овие двајца луѓе.

Тешко ми паѓа заради тоа што сметам дека луѓето што не ги менуваат чорапите за да не ги менуваат мислите ги менуваат принципите. Меѓу пишувачите, експертите на овој закон се и луѓето што бараа правна аргументација како членови на Државната изборна комисија да му ја оспорат кандидатурата на Љубе Бошковски за претседател на Република Македонија откога пред тоа од него се дистанцираа. Во овие гестови го гледам ефтиниот популизам во кој на еден беспримерен начин, не можам да најдам соодветен збор, си играме со угледот, со слободата и со судбината на двајца наши граѓани. Доцна е господа предлагачи, доцна е. Доцна е за многу работи. Но не е доцна еднаш да се договориме и еднаш да се обединиме. Да не правиме комедии овде во овој Парламент, каде што опозицијата се кара меѓусебе нерпизнавајки си ги грешките, од расколот до тоа, сега да не се согласиме и овде да се натпреваруваме над судбината на двајца луѓе до тоа вчера каде што стои владеачкото мнозинство, на кое ние треба да му бидеме совес да биде празно и да се сити на нашата немоќ. Доцна е господа. Ќе излезете со незнам какви аргументи дека треба да им се помогне, ама на Љубе требаше да му помогнеме тогаш, кога носевме овде дозвола да се притвори. На Љубе требаше да му помогнеме кога на еден беспримерен начин, ние како негови сопартијци го бркавме, ние како негови сопартијци не го сакавме за член на нашите изборни листи. Сега сето ова е само обид во отсуство на понудени вредности да се промовираме во јавноста и врз основа на таа промоција со ефтин популизам на луѓето да им нанесеме штета. А знаете ли како ја нанесуваме штетата. Законот е нестручно напишан до кој суд е до оној на Рилската Повелба, па ако е тој ние го ратификувавме и тој суд заедносо сите негови акти и со сите негови статути е дел на нашето законодавство. Тука не ни треба дополнителен закон. А ваму ? Ваму е само попусто нагаѓање дека Ќе има проширување или нема да има проширување на обвиненијата. Ја промашивме ситуацијата, го промашивме моментот. Ова е сега само вадење. И доаѓа сега она што стои зад целата аргументација на ценетиот наш колега пратеник И поранешен минситер за внатрешни работи Љубе Бошковски, покажуваме дека сме несериозна држава. Од непочитување до судот сега одиме на постфестум апологетство, па ќе правиме вака, ќе правиме онака, ќе нарпавиме така. Прочитајте го законот ќе видите дека сето тоа што стои таму, ако вешто и умно се толкува Резолуцијата на Советот за безбедност ќе видите дека нашиот правен поредок е тој и тој важи и за овој суд.

Ние немавме војна како во Хрватска. Ние немавме олуја, ние ја немавме Босанската трагедија. Ние имваме овде тоа што ни се случи, кое уште немаме сила да го дефинираме и најверојатно, ќе потрошиме еден куп енергија да го дефинираме. Меѓутоа, битно се разликуваат работите. Затоа на тие држави, затоа што таму беше отворена општа војна, во која не се знаеше кој кого напаѓа и им требаше начин да ги регуклираат односите, заради тоа и тие тоа го нарпавија на време и ние се обидувавме кога требаќе тоа да го средиме не го нарпавивме. Меѓутоа, сега само ќе покажеме дека ние како држава реагираме на надразби, дека немаме стратегија, дека немаме однос и со целата оваа расправа овдека, што е најжлно од се докажуваме дека сме како држава несериозна работа. А не заборавајте, ние предлагаме и нашата Влада се нафати со Одлука да даде државна гаранција пред судот во Хаг. А судот во Хаг за поранешна Југославија, не оној од Рисмската Повелба, е сепак институција која е донесена од политички причини да се менанџира мирот во поранешна Југославија на нејзината територија. Да се проскрибира конкретниот злостор сторен овде.

Значи, и покрај тоа што тој користи и римсско и прецидентно право, и покрај тоа што тој се потпира на законот, на Женевските конвенции, на меѓународните обичаи, тоа е сепак политичка инстанца и ние во овој момент кога таа политичка инстанца која користи правни инструменти треба да донесе политичка одлука, ние овдека водиме расправа за што? Кој ќе го одбрани Љубе Бошковски повеќе. Се се сведува на тоа. Кој ќе го одбрани Јохан Трчуловски повеќе. И врз основа на тоа да се стекнат ефтини поени, за да можеме потоа да претендираме да бидеме лидери на некое си движење, на некаква си опозиција. А тоа што државата ни оди по врага, тоа што угледот ни се влечка по земја, како никого да не го засега.

Не заборавајте господо, сите овие работи паѓаат на наша адреса, тука нема ниту еден апсолвиран и меѓу тие што се против, и меѓу тие што го подржуваат и меѓу тие што ништо не кажуваат.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Само во интерес на вистината би сакала да кажам неколку збора дека законот уште откако беше направен, по децата и сопругата на господинот Љубе Бошковски му беше испратен во Шевенинген. После недела дена од доставувањето на законот, тој се јави на претседателот Груевски и лично му се заблагодари за законот и неговиот коментар беше дека во два члена е подобар и од Хрватскиот закон . Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов, имате збор.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Во 2001 година и јас бев да се донесе закон во соработка со Хашкио трибунал. Беа резервирани сите во Владата. Мислеа дека тоа е ризично, дека ние немаме војна, не е окарактеризиран судирот како војна и т.н. Мислев дека пропуштивме голема работа да ги уредиме тие односи во едно друго време кога ќе има и друга власт тоа може да биде после изборите, таа правна празнина може да не биде добро сватена и може да се случИ тој невоспоставен континуитет со правната состојба во државата да ни наштети.

Сега овој закон зошто е потребен? Точно е тоа дека ќе престане да работи Хашкиот трибунал, но ќе ги заврши делата. До 31 декември 2004 година, Хашкиот трибунал беше должен да го затвори досието на случите кои ги отвара таму. На случаите на кој ќе работи после да ги доврши.

Еден таков случај е случајот Љуботен. Обвинението за случајот Љуботен гласи за заговор, за злосторнички потфат. За тоа се обвинети. За тоа е покренато обвинение. Во овој момент се обвинети двајца.

За еден друг заговор за злосторнички потфат во Хрватска каде беа обвинети двајца генерали Маркечиќ Ќермак, сега е изработено дополнување. После 31 декември 2004 година тоа е можно и сега се ставени таму околу 600 нови лица, меѓу кои како што знаете и е премиерот Санадеј. Ако добро не се подготви одбраната на двајцата сега обвинети низ еднострано наведување на сведоци од страна на обвинението, ако за тоа не е подготвена одбраната да го собори, може да дојде до проширување на листата на обвинети во тој таканаречен злосторнички заговор, злосторнички потфат. Може да се добие сосема друга слика за конфликтот што тогаш постоеше. Во Македонија не може веќе да се отвори нос случај. Но случајот Љуботен може да биде обработен и може други луѓе да бида тпрозвани кои на одреден начин се нашле таму, или незнам како било и што било. Тоа е можно и тоа значи дека овој закон можеме и не треба да го именуваме закон за заштита и помош и подршка на овие двајца сега обвинети, туку точно така како е именуван. Да може да послужи утре да не носиме друг закон за Петар Петровски или трет закон за Јован Јовановски, па да бидеме навистина, смешни.

Сакам да ви кажам дека кога го видов обвинението, јас инсистирав да поднесеме, односно да се донесе закон за соработка со Хашкиот трибунал, заради овие можни консеквенци. Ако ги видите општите факти во обвинението што содржат, можете да видите дека на таа основа може да се развие една квалификација која ја дисквалификува и државата. Ја доведува во позиција на обвинет и државата. Само погледајте ги општите факти во обвинението. Објавени се и на сајтот таму.

Затоа мислам дека ние треба да донесеме закон. Мене никогаш не ми било својствено важните државни пробелми да ги користам во популистички цели И некои поени тука да се стекнат. Никогаш тоа не сум го правел, ниту сега сакам да го правам. И ви советувам немојте да бидете оптоварени со тоа. Мислам дека сите ние имаме еднаков интерес да се донесе праведна одлука во Хаг. Тоа ќе може да се обезбеди ако одбраната ги добие сите оние предности што ги има и обвинителството. И во достапот на документите, и во прибавувањето на сведоците, и во помошта на семејствата и т.н. Тоа е потребно Македонија да се соочи со вистината. Ако немаме помош на обвинетите таму, не е можно да се организира добра одбрана. Не е можно да се дојде до вистината, затоа што ако нема добра одбрана, нема да дојдат до израз сите факти и ќе се донесе еднострана одлука, која ќе остави дамка на целата држава.

Сите што се заинтересирани по ова прашање, не да се делиме дали некој бил од оваа страна на судирот, или од онаа страна на судирот. Да не се делиме дали денес е од опозиција или е на валст, туку да се определиме кој е оној што сака со закон да се помогне од страна на државата, да се дојде до праведна одлука, одлука која ќе се заснова откако ќе се согледаат сите факти, а притоа, да се оспособи одбраната да може да ги предочи сите факти. Да може да ги обезбеди сите сведоци, сите документи и т.н. Многу е ефтино ние сега и многу сме залутале ако од ова сега што го правиме, оваа наша маркетиншка кампања во Парламентот, сака некој нешто да извлече. Ништо од тоа не се извлекува. Ако сакаме ние утрешната одлука на Хашкиот трибунал, на некој начин да ги зацврсти елементите на стабилност на Македонија, а не да ги подрие, заради пристрасноста и т.н. Ние овој закон треба сите да го изгласаме и да го донесеме. Јас се согласувам. Можеби има некои непрецизности во формулациите. но на сите ни е интерес тогаш преку амандман да се исправи тоа што пишува таму. Ако ова се смета политичка работа дека тука некоја корист партијата треба да добие, а не државата, не е возможно од таков карактер одлука да се донесе, кога може да одговара само на една партија или на две партии.

Одлуките од ваков карактер, кои се врзани за општата состојба во државата, за последиците објективно да се согледаат и објективно да се расудува за нив, тие не смеат нас да не делат. По тоа треба да имаме еднаков став. Еднакво да сме заинтересирани, да се создадат услови, се да се направи и државата да помогне да се донесе праведна одлука во Хаг. Да не остане горчина, да не остане и натаму да го доживуваме Хаг како фактор кој ја разорува Македонија заради необјективна одлука, која е можна по наша вина, бидејќи не сме добиле закон и не можеме да и помогнеме на одбраната да можат да ги предложат сите докази.

Затоа јас ве повикувам, оставете ги приговорите, оставете ги префрлувањата за тоа кој колку пати

телефонирал кај Бошковски. Овој закон има поголемо значење и да се потрудиме законот добро да го направиме и да го донесеме.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Михајло Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Пред нас е законот за соработка со Хашкиот трибунал.

Околу законот ќе кажам некои работи иако доста се образложи, но сепак остануваат некои работи да се кажат.

Точно е дека можеби малку е и задоцнето, но сепак, еве се предлага донесување на таков закон и добро е да се донесе некогаш, отколку никогаш. Мислам дека законот е корисен, не е штетен, а се што е од корист треба да биде донесено односно прифатено.

Во овој момент кога се носи таков закон, мислам дека ние треба да бидеме сплотени и да заборавиме на сите суети. Овде се гледа дека постои извесна суета од двете страни во Парламентот и тие суети не се потребни во овој момент кога треба да ги заштитиме нашите граѓани кои се наоѓаат во Хашкиот трибунал. Како таков закон кој е корисен, а не штетен, ние пратениците од независната група ќе го поддржиме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Ѓорчев имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Еве јас ќе се обидам, се разбира од мој агол погледнето, да го дадам својот придонес кон овој Предлог за донесување законот за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог на закон, поднесен од пратеници од две парламентарни политички партии.

Најнапред, пратеникот Михајло Георгиевски го изнесе ставот на пратеничката група на независни пратеници, но јас ќе се обидам да кажам некои други аспекти кои мислам дека се важни, да ги продискутираме денеска.

Во врска со овој предлог за донесување закон, сметам дека има и позитивни и негативни моменти. Најнапред би се задржал на позитивните аспекти на законот што сметам дека фрлаат една нова светлина на односите на Република Македонија како држава, за севкупните случувања кои беа на просторите на поранешна Југославија, а ние сме сеуште единствената држава во чие име се спомнува името Југославија, како Поранешна Југословенска Република Македонија. Значи би се задржал прво на позитивните димензии.

Најпрвин да кажам дека позитивна димензија е тоа што овој закон е нужен од една би рекол основна причина, прво што е предложен од членови на Парламентот и навистина го доведува Парламентот во ситуација да ја врши онаа своја законодавна функција за која како законодавен дом и постои. Значи на некој начин ја нивелира извртената слика на Законодавниот дом кој во најголем дел служи како гласачка машина на предлозите на извршната власт во Република Македонија. На тој начин имаме вистинска слика, меѓутоа во погрешна рамка и на погрешен зид. Зидот на парламентарната демократија е Парламентот на Република Македонија. Оттука сите предлози на пратениците, барем јас лично како член на овој Парламент во овој состав, барем во дискусија ќе се обидам или да ги поддржам или да ги отповргнам, но во правец на, би рекол, она што значи наше учество во расправата по позитивни законски проекти кои третираат одредени области од животот на граѓаните на Република Македонија и на таков начин придонесуваме за надградба на нашето законодавство и она што велиме сите популарно, хармонизирање на нашето законодавство со законите на Европската унија, како правен политички и економски систем, кон кој Република Македонија се стреми. Тоа е првата позитивна димензија на овој закон.

Втората позитивна димензија е што со овој закон, исто така се отвара едно многу важно прашање кое можеби требало да биде отворено веднаш после донесувањето на Рамковниот договор, меѓутоа Република Македонија е држава која во многу сегменти од општествениот живот воопшто, поодделно и во овој дел кој ја третира воената криза која настана во Република Македонија, доцни со донесувањето на позитивни законски прописи. Ние доцневме со конституирањето на македонската финансиска независност, доцневме со многу други работи кои требаше да ги донесеме на време, тука баш во овој Македонски парламент, меѓутоа, сепак кога во даден временски период, пред завршувањето односно истекот на одредени процеси, а токму таков е овој период пред завршувањето на работите на Хашкиот трибунал, ценам дека на таков начин ние даваме една законска рамка на она што претставува, би рекол, наше однесување како држава, кон луѓето кои професионално, совесно и одговорно си ја вршеа својата задача во составите на армиските групации, полицијата и сите безбедносни групации во Република Македонија. Тоа што веќе за одредени членови на тие наши професионални, би рекол структури кои работеле пред се професионално во делот на извршувањето на своите задачи, веќе е започната постапката преку извршната власт и кон таквите со Хашкиот трибунал, не ни оди во прилог, како Република Македонија. Токму затоа како сериозна држава во тој дел ние треба да направиме кодификација на оваа правна норма што значи и став на Република Македонија како држава, кон структурите, би рекол, професионалните структури на Македонската полиција и армија кои совесно и одговорно, според наши критериуми се разбира и според мои, од мој агол на гледање како член на Владата во тој период, според Хашкиот трибунал, од негов агол на гледање, меѓутоа, во секој случај многу битен

момент за ставот на Република Македонија како држава кон своите, би рекол професионални структури во Армијата и во Полицијата на Република Македонија.

Трето прашање што мислам дека со овој Предлог за донесување на закон за соработка со Меѓународниот суд во Хаг, се отвора, тоа е прашањето на односот кон семејствата на оние граѓани кои, исто така во точките 3, 4 и 5, особено после општите одредби, постапката и отстапувањето во точка 3, значи точка 4 односно точка 5, 6, 7 и 8, гаранциите и правната помош на Судот во Хаг, извршување на пресудата на Судот во Хаг и достапноста на информации и документите. Сеуште е актуелен овој закон. Во првите три точки можеби е задоцнет, меѓутоа сеуште е актуелен. На таков начин ние им помагаме пред се на семејствата, на оние граѓани за кои сега се води постапка пред Хашкиот трибунал. Мислам дека тоа е и хумано и одговорно и ние како држава тоа мораме да го направиме, настрана што се покажуваме како сериозна држава која води грижа за правната димензија на државноста на Република Македонија и со овој Предлог закон таа правна димензија ја преточува и во правна норма. На таков начин ние покажуваме, иако имаме два случаи за кои, како позитивна точка 4 ќе зборувам нешто подоцна, сметам дека на ваков начин ние се однесуваме како одговорна правна даржава и им помагаме, во сите сегменти како држава, на нашите граѓани кои сега се во постапка пред Хашкиот трибунал, чии предмети се во постапка пред Хашкиот трибунал, од една страна. Од друга страна покажуваме разбирање за се она што се случи, би рекол и на просторите на поранешна Југославија, а особено на просторите во Република Македонија со Косовската криза 1999 година и воената криза 2001 година и ја обврзуваме Владата, покрај тоа што го има како своја оперативна извршна активност, ја обврзуваме Владата да преземе активности кои со овој закон ги кодифицираме во правни норми и на таков начин да одговара за своите постапки, согласно овој закон, што до сега беше отсутно и на некој начин Владата дејствуваше прилично волонтерски во оваа работа и би рекол, без некоја ограничувачка законска норма.

Четврта работа која е добро тука да се спомне, а веќе ја загатнавме пред два дена, во иницијативата за донесување на Уставот на Република Македонија, тоа е презумпцијата на невиност. Ние бевме сведоци, во овие две и пол години на скандализирање на македонската јавност и од политички партии и од државни органи и оттука, од говорницата на Парламентот и во медиумите за информирање, дали печатени или медиумски или електронски, на сатанизирање на одделни личности, граѓани на Република Македонија, припадници на одделни политички партии кои без обвинение беа однапред осудени дека се виновни, дека се криминалци, дека се хоштаплери, дека се нарушувачи на редот и мирот во Република Македонија, меѓутоа без никаков епилог во судската постапка, во сите фази, од првостепената, второстепена, до жалбена постапка со заштита на законитоста за повреда на постапките. Според тоа сметам дека овој момент, презумпција на невиност за двајцата граѓани на Република Македонија, господинот Љубе Бошковски и господинот Јохан Тарчуловски, со овој закон се потенцира како таков, се дава надеж за нивните семејства, државата презема одделни одговорности, согласно одредбите од овој закон и на таков начин ние полека несигурно стануваме правна држава која ќе говори за вината на човечка индивидуа, како граѓанин на Република Македонија, дури тогаш откако ќе има судска пресуда која ќе биде правосилна, пак ќе речам во сите нивоа и инстанци на судската постапка. Така што сметам дека овој елемент е многу битен и колку повеќе носиме вакви закони во Парламентот на Република Македонија, толку ние градиме, чекор по чекор, еден синџир на правна држава што сметам дека во овој дел отсуствуваше и луѓето неоправдано, без да водиме грижа за нивната здравствена, психичка, морална состојба и состојбата на нивните семејства, па и од говорницата на овој Македонски парламент, беа обвинувани за нешто за што никој нема докази, освен во политичкиот маркетинг, се разбира.

Тие 4 елементи на позитивизам мислам дека се пресудни ние како пратеничка група имавме заклучок и јас како член на таа група од Земјоделската народна партија, да го поддржиме овој закон, се разбира со некои јасни назнаки дека во делот на негативностите на овој закон, тие се дека овој закон, се разбира во некоја рака е задоцнет затоа што, прво требаше за овој закон иницијатор да биде Владата на Република Македонија, од причини што Владата тоа не го прави, тоа го прават пратеници во Македонскиот парламент од опозицијата и од пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија. Меѓутоа, факт е дека во делот на општите одредби, постапката и отстапувањето на надлежностите, тоа е една работа која е веќе одмината, така што во оваа фаза сметам дека законот е валиден во точките 5, 6, 7, 8 и завршните одредби на законот, правата, точка 9 и завршните одредби точка 10.

Втората негативна димензија е што овој закон, доколку се сака да се поднесе пратеници од пратеничките групи од опозицијата, според мене за да има успех и на некој начин да има кооперативност во соработката, требаше да бидат консултирани и пратеници од другите пратенички групи. Сметам дека сите ние ќе дадевме поддршка и тогаш ќе имаше тежина и ќе се избегнеше, би рекол политичкиот маркетинг и она што е негативно присутно во расправите, веќе втор ден во Македонскиот парламент.

Со овие шест, би рекол аспекти на мое гледање на законот, четири позитивни и два негативни аспекти, сметам дека предлогот за донесување на закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог на закон, ние ќе го подджат

и јас лично ќе го поддржам и се надевам дека, особено пратениците од позицијата треба да го поддржат затоа што на ваков начин тие ставаат точка на една погрешна проценка, за една воена состојба што Хашкиот трибунал веќе ја оценува како воена, а која во времето кога беше тоа, таа состојба беше нарекувана како фингирана, или не знам какви други зборови. Во секој случај, наша должност е, за нешто што било наше историско минато, а кое после 40, 50 или 60 години ќе биде валоризирано со точна прецизна оценка за историските настани, ние во овој момент барем да го кодифицираме во правна норма, во вид на закон, за однесување на државата Република Македонија со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, иако, според мене нашето однесување како држава, во таа воена криза која беше инплантирана од една друга држава во состав на Поранешната југословенска федерација, ние успеавме, место да бидеме наградени што со политички средства и методи направивме политичко решение на воената криза, еве сме во ситуација како држава мораме да донесеме и ваков Предлог закон за да можеме, јас сум убеден во тоа нашите граѓани да излезат како невини во спорот со Хашкиот трибунал.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи, потпретседателот на Собранието на Република Македонија Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

За збор се јави пратеникот Никола Груевски.

Повелете господине Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани пратеници,

Гледам дека дискусијата се приведува кон самиот крај и гледам дека дел од пратениците односно поголем дел од нив имаат негативно расположение за овој закон. Тоа се СДСМ, ВМРО - Народна и ДУИ и постојано се прашувам кои се мотивите да не се прифати овој закон. Кои се мотивите и кои може да бидат, да не се прифати законот кој го прифатија сите држави кои имаа некакви односи и проблеми со Хашкиот трибунал и го практикуваа. Кои се мотивите да не се прифати законот со кој ќе се регулира помошта на семејствата на оние кои се во Хаг и кои се мотивите да не се прифати законот со кој Владата ќе мора да ги отвори архивите на Република Македонија. Се прашувам, дали можеби некој не се плаши да бидат отворени архивите и дали можеби тоа не е причината што СДСМ денес е против овој закон. Можеби и не е случајно што за сите други закони што доаѓаат од пратеници има мислење на Владата, за овој нема мислење на Владата и е оставено гласачката машинерија тука да изгласа против, а тоа да го одработи една опозициона партија.

Јас навистина сакам да кажам, ако некој се плаши дека во тоа време бил функционер, а и денес е многу висок функционер, во случај и тој да се најде во иста позиција ВМРО-ДПМНЕ ќе застане исто како зад овие двајца луѓе кои се наоѓаат во Хаг, затоа што застануваме зад секој што е македонски граѓанин, зад секој што е македонски државјанин, зад секој кој во тој период ја бранел државата од позиција на државна функција. Така што, морам да ви кажам дека навистина се посомнителни ми стануваа мотивите зошто некој не сака да го прифати законот со кој Владата се обврзува да ги отвори архивите на Република Македонија. Можеби некој се плаши да не се најде некој негов потпис таму или слично. Меѓутоа, овој Парламент треба да знае дека мораме на сите наши Македонци, на сите државјани на Македонија што се во таква ситуација, да им овозможиме, да им дадеме шанса да ја докажат својата невисност, независно кој од која партија учествувал во одбраната на државата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Прва за реплика се јавува госпоѓа Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓо Ивановска, имате три минути реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине Груевски.

Никако не можам да ја разберам вашата работа во Собранието. Доаѓате само кога треба да држите митингашки говори и воопшто не седите во Собранието. Дозволете ми да ја коментирам вашата работа, меѓутоа мене лично многу ми смета, затоа што сите пратеници овде сме еднакви и нема лидери и нелидери. Така што нашата работа е овде во Собрание и требаше да седите во Собранието и да ги слушате сите аргументи за и против донесување на овој закон. Немате ексклузивно право овде да ни држите митингашки говори, кој е повеќе загрижен, кој се плаши од некакви архиви.

Ви тврдам дека ЛДП воопшто не се плаши од отварање на на архивите. Доколку кажувате дека некој се плаши кажете ги по име и презиме тие што се плашат. Одговорно ви тврдам ниту еден член на Пратеничката група на ЛДП не се плаши од отворање на архивите. Ние секогаш сме биле за отворање на архивите.

Прашувате кои се мотивите и аргументите, па затоа уште еднаш ќе ви кажам, требаше да седите и да ја слушата целата расправа, или ако сте ја следеле требаше да ги следите аргументите.

Во целокупната расправа по овој закон е еден од главните аргументи против овој закон е тоа што е тоа што обвинување во Меѓународниот кривичен суд завршува со 31.12.2004 година, и затоа што е задоцнет овој закон. Зошто порано не беше реализиран? Тоа беа аргументите кои што беа искажани.

Тоа е за да ви помогнам кои беа главните аргументи искажани во расправата за овој закон за Меѓународниот кривичен суд.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Повелете една минута контра реплика господине Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам. Јас нема да одговорам на прашањата на кои што нема потреба да одговорам од почитуваната пратеничка, но ќе кажам една работа.

Овој закон им е потребен на луѓето кои што сега се наоѓаат во Шевенинген. Како што кажа пратеничката Силвана Бонева тоа ми го потврди телефонски господинот Љубе Бошковски, откако му го испративме законот по неговото семејство во Шевенинген и рече дека е одличен и дека е подобрар во два члена. И ова е демант на она што го кажа господинот Чашуле. Синоќа разговарав на телефон исто така со господинот Јохан Тарчуловски. Тие го очекуваат овој закон, а некој во овој Парламент тера инает, или спроведува нечии интереси, или покрива нечии ставови и одбегнување да се отворат архивите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.
Господине Алити за реплика? Три минути реплика господине Рафис Алити.

Повелете госоподине Арити.

**Рафис Арити:** Благодарам потпретседателе,

Бидејќи господинот Груевски се повика директно и ја повика Демократската Унија за интеграција, значи кои се мотивите за да не поддржиме еден ваков закон, нашите мотиви господине Груевски се јасни, ние нема да го поддржиме овој закон затоа што сакаме да придонесеме кон правдата и да се обелодени вистината и ние како Демократска Унија за интеграција веруваме во правдата и во одлуките кои ќе ги донесе Хашкиот трибунал. Додека вие, и еден претходен говорник Стојан Андов, во текот на својата дискусија предрасудувате дека одлуките на Хаг можат да бидат погрешни или пристрасни. Но вие истовремено заборавате дека граѓаните на Република Македонија не се само двајцата обвинети туку се и тие кои страдаат во случајот Љуботен. А тоа беа жени и деца и старци. Така што нашите мотиви зошто не поддржуваме еден ваков закон се дека навистина веруваме во Хашкиот трибунал. Навистина доколку обвинети се невини и Хашкиот трибунал ќе донесе одлука дека тие се навистина невини, но вие одете и подалеку и велите дека некој се плаши дека треба да се отварат архивите и тн. Повторно предрасудувата дека може оваа листа да се прошири, или имате подобри информации од Хашкиот трибунал дека може да се повика уште некој друг, а ние сме за тоа не како политички субјект, туку како државна обврска на Република Македонија да ги отвори архивите што значи тие податоци да можат да стигнат до Хашкиот трибунал. Длабоко сум уверен дека ова право нема да му го овозможиме на Хашкиот трибунал преку овој закон. Напротив мислам дека ние како држава, како Влада не треба да се имплицираме во одлуките кои ќе ги донесе Хашкиот трибунал. Независно какви ќе бидат тие одлуки ние како држава не треба да се идентификуваме со злосторствата кои се направени овде во текот на 2001 година. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Една минута контра реплика има господинот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата,

Сакам да напоменам дека никој тука не се идентификува со злосторствата затоа што злосторствата треба да се докажат дали се направени. Ние само треба да им помогнеме на обвинетите за да можат на најдобар можен начин да ја направат својата одбрана и да докажат своја невиност. Притоа државата треба да има обврска да ги отвори архивите за да можат тие да ја докажат својата невиност.

До ден денеска од моментот, од кога премиерот Бучковски вети во јавноста дека ќе ги отвори архивите за се што е потребно тие не се отворени и адвокатите го немаат тоа што им е потребно за одбраната на обвинетите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

За збор се јави пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине Абдурахман Алити, во својата реплика на Груевски, употреби и мене да ми реплицира и надвор од деловничкото право. Меѓутоа, јас го прифаќам тоа што го кажа како потреба до сега, уште еднаш да појасниме на некои работи. Пред да овде не е контра реплика, туку е збор, бидејќи мислиме оти е по овие прашања толку важни, што навистина треба да си ги разјасниме.

**Слободан Најдовски:** Господине Андов, само момент. Јас ви дадов збор, така да имате право да дискутирате. Повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Од она што го зборува и господинот Рафис Алити, произлегува дека тој е длабоко убеден или дека е веќе донесена одлуката со тоа што е покренато обвинение. Според тоа што го тој кажува, обвинението е веќе и пресуда. Меѓутоа, Хашкиот трибунал го сочинуваат три битни фактора. Обвинението, одбраната и судот. Судот дефинитивно после кажува што ќе биде и што било. Вистината на судот е вистина. Вистината на обвинението е само една страна. Обвинението Хашкото обвинителство го има спремано со години и се му било достапно. Подготвувало сведоци, што нашата јавност сосема добро го знае. За објективна пресуда за која јас се согласувам со господинот Алити треба целата македонска јавност дефинитивно во тоа да верува. Интерес е истиот третман, истата можност како обвинителство да ја има и одбраната на обвинетите. Нејзе да и достапна секоја институција, секој документ. Да е достапно да може низ преорувањето на документите да бара сведоци, да ги најде, начин како што ги

мотивирало обвинението своите сведоци да и гарантира дека нема да имаат никакви последици да може да ги мотивира за сведоци за да можеме да дојдеме до вистинска одлука која потоа ќе не обедини во верувањето, а не одново да ни докопа ровови едни на едни на една страна, други на друга страна. Затоа господа потребно е да се донесе овој закон. Со закон да се утврдат потребите и можностите одбраната да биде супстицијален, рамноправен субјект, рамноправна страна во Хашкиот трибунал со обвинителството. Секое измислување на политички изговори или не наведува обвинението да го прифатиме како пресуда, што е апсолутно противправно. Јас тука не се согласувам со некои говорници овде дека Хашкиот трибунал е политички инструмент и политичко тело. Политички инструмент може да биде во начело, да се казнат злосторствата бидејќи и тоа е политичка одлука ако треба да добие универзално значење и универзално право некој тоа да го прави, а не само националните правосудства, но тоа е судска институција со многу строго пропишана судска процедура. Од нас зависи сега, тие немаат никаква забелешка, Хашкиот трибунал, од оваа Влада зависи спремноста дали ќе помогне одбраната да се оспособи за судот од Хашкиот трибунал. Судскиот совет што ќе ја донесе одлуката да донесе праведна одлука. Околу тоа не смее да има колебање и затоа е потребен овој закон, а ако некој мисли дека некоја одредба не е доволно прецизна и јасна со амандман може да ја исправи. Тоа е работата, тоа е она што јас го зборувам овде, ништо друго.

**Слободан Најдовски:** Сега се пријавени неколку пратеници за реплика, Рафис Алити, Кирил Дојчиновски, Тито Петковски, за дискусија и Јашари за реплика, како и Зоран Томиќ.

Господинот Зоран Томиќ бара збор процедурално.

Повелете господине Зоран Томиќ, процедурално.

**Зоран Томиќ:** Почитуван господине потпретседателе, јас би ве замолил стриктно да го примен увате деловникот затоа што во последниве дискусии што ги слушаме, а најмалку за предложениот закон.

Јас ве молам, да се концентрираме за потребата и за носењето на самиот закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам за укажувањето.

Сметам дека се зборува за законот.

Три минути реплика за господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпреседателе,

Навистина внимателно ја следев дискусијата на господинот Андов и првата и втората дискусија. Јас се согласувам со господинот Стојан Андов дека треба да победи или дека треба да имаме верба во правдата. Тука нема никаква дилема кај нас, меѓутоа, следејќи ги внимателно дискусиите на предлагачите излегува на видело дека нивните мотиви се најмалку, јас така ги разбирам и ги гледам дека оваа листа на обвинети има реални шанси, или најмалку може да се прошири и со други носители кои биле во тоа време носители на функции. Јас повторно ќе кажам дека за случајот Љуботен обвинение нема покренато ДУИ, СДСМ или ВМРО, туку за случајот Љуботен е заинтересиран Хашкиот трибунал. Ние како ДУИ немаме ништо против да се отворат архивите и доколку има сведоци, други сведоци кои можат да се ставaт во одбрана на обвинетите јас не знам зошто тие доброволно да се пријават, или право е на Хашкиот трибунал да повика и други сведоци.

Така што господине Андов нашите мотиви се дека треба ние и понатаму да веруваме во правдата, во одлуките што ќе ги донесе Хашкиот трибунал, а не овде со вакви закони да се обидуваме да придобиеме некој полититички поен. Мислам дека со ова не придонесуваме за иднината на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Една минута контра реплика има господинот Стојан Андов.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** За да се разбереме со господинот Алити мислам дека ни треба уште еден чекор.

Овој закон е неопходен за да се обезбеди одбраната да има приближно исти можности во организирање на својот настап и извршување на својата улога како што има обвинителството за да се донесе вистинска, праведна одлука.

Ако државата тоа не го направи со закон, не е можно тоа да се обезбеди и ќе имаме последици.

Сведоците таму ги пријавува обвинителствот и одбраната. Одбраната за да може да пријави сведок и да се одбрани од лажни сведоци кои можат да навредат потребно и е увид на документација. Врз основа на документацијата за настаните за состојбите и движењето на луѓето таму може да одбере сведоци. Без тоа нема објективна одбрана, а заради тоа не ќе има и објективна пресуда. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика на господинот Кирил Дојчиновски.

**Кирил Дојчиновски:** Мене не ме изненадува што денес се води оваа расправа по законот, се води за некакви технички прашања, прашања кои се многу јасни и достапни. Не ме изненадува тоа што за нив се ангажира да дискутира господинот Груевски, бидејќи мислам дека тотално е надвор од познавањето на овој проблем, ме изненадува конкретно прашањето што го покренува господинот Стојан Андов.

Станува збор за следното. Архивите на Македонија се отворени и достапни а не се однесуваат на интегриретот на државата и интегритетот на личноста. И тие се достапни ако за тоа одлучи Владата на Република Македонија. Според тоа, бидејќи одбраната штотуку ја започна својата работа, а Владата од друга страна се изјасни дека ќе и биде ставено на располагање се она што ќе го побара тогаш од каде се појавува

стравот, плаќењето дека некој нешто сака да сокрие. Дури и да е така ние можеме да побараме за конкретен случај, за конкретна работа за која што во нашите глави стои дека некој нешто крие, да се отворат тие архиви ако е во интерес на оваа држава за решавање на проблемот на овој случај.

Мислам дека овие прашања господинот Андов и во една друга прилика добро ги експлоатираше архивите на Собранието на Република Македонија за да некој добие дозвола, во времето кога тој беше претседател па ги презентираше во своите мемоари, иако знаеме дека таму треба некој надлежен орган тоа да го понуди. Меѓутоа, тоа е веќе минато, зборувавме за тоа, а во овој случај ништо не е затворено и зошто се обидуваме тоа да се ретишизира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Дојчиновски, една минута контра реплика за пратеникот Андов.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Мене, друг ова да го кажува, би ме изненадило. Меѓутоа, Кирил Дојчиновски, кој бил директор на Државниот архив, вакви работи да изнесува овде, навистина ми е смешно.

Видете луѓе, ние сме дел од едно подрачје каде овој трибунал дејствува. Земете го случајот со Хрватска. Тајно има доставено некои свои белешки и некои свои документи Месиќ, сега претседател на државата. Еве ги, сега го прозиваат секаде. Државните архиви не ги давале. Ист е случајот и во Србија. И овде е исто.

Овој закон е потребен да се обезбеди правда во Хаг. Тоа е основно.

А друго, Доланц на времето сепак го скршија и рече дека "На книга со книга се одговара, а не со прописи". А Киро, изгледа задоцнил и зад него. Многу ми е жал.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

Збор има пратеникот Петковски Тито.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Господине потпретседател, почитувани колеги,

Почувствував потреба, заради текот на расправата, да кажам и јас што мислам по однос на овој закон.

Се разбира, основниот мотив не е овој што рече господинот Груевски, дека некој се плаши затоа што има досие, треба да се отворат досиејата. Доколку тие се отворат, некој ќе се види во тоа досие. Нема прична за таков страв. Сакам отворено да ви кажам и во моментот кога се отвараат досиејата, кога граѓаните и оние кои се почуствуваа дека ќе бидат загрозени од отворањето на досиејата што некогаш тајната полиција ги водеше и тогаш кажав отворено дека нема што да кријам и од јавноста, дури и јавно нека го изнесат моето досие.

Меѓутоа, бев мотивиран пред се од она што се случува во Парламентот еве втор ден, по едно прашање, кое нема само партиско и политичко значење. Ова прашање има големо државно значење. Дали треба да потсетам само дека соработката со Хашкиот трибунал е услов да се почнат преговорите со ЕУ и, се разбира, со НАТО. Сите земји од поранешна Југославија, впрочем Хашкиот трибунал е формиран само за поранешна Југославија, не за другите, господинот Андов кажа меѓународниот суд сега се дислоцира од ООН, сега тука се водат некои расправи и тој нема повеќе да постои, се затвара, односно тој требаше да се затвори кон крајот на минатата година, но мислам дека Македонија, кога станува збор за оние аспирации што ги имаме, мора да демонстрира единство по овие прашања.

Мислам дека пораката што ја праќаме заради партиските интереси и разногласието од овие дводневни расправи и расправии меѓу нас, не е добро. Дека има колебање по едно прашање кое едноставно мора како држава да го прифатиме, да соработуваме.

Јас, уште во 2002 година напишав што мислам по тоа прашање, во 2003 година пак кажав јавно дека Македонија мора да донесе таков закон за соработка со Хашкиот трибунал. Меѓутоа, заради констелацијата на односите овде, расправата, една пратеничка група односно една политичка партија подржана од друга политичка партија инсистира тоа да се донесе во овој текст, а другите политички партии и пратенички групи како да се противат, мислам дека не ја отсликува вистината. Не верувам дека во оваа сала пратениците се убедени дека Македонија не треба да соработува со Хашкиот трибунал, прашање е како тоа да го направиме. Ние сите по малку сме суетни и како луѓе, па и политички партии, кој прв ја покренал иницијативата, зошто ја покренал итн.

Моето мислење е дека ние треба таков закон да донесеме. Колку што знам Владата работи подолго време, зошто не излегува со таков предлог, немам информации, не сум прашал, меѓутоа, мислам дека треба да собереме снаги сите да соработуваме околу овој проект. Имено, ако веќе работи Владата на таков проект, пратеничките групи да се обединат околу потребата да се донесе овој закон и да направиме еден заеднички текст. Јас се обидувам да понудам решение кое можеби нема да се прифати од предлагачите и со право. Еве зошто мислам така да направиме. Така треба да направиме да демонстрираме едно единство пред ЕУ, пред НАТО итн. за прашање кое има суштинско значење за остварување на нашите амбиции.

Владата, кога започна процесот, по обвинението на двајца Македонци, еден министер од Владата на Република Македонија јавно декларираше подготвеност за соработка со Хашкиот трибунал. Значи, се она што стои како потреба во врска со обвинението на госпоѓата Дел Понте, Владата стави на располагање сите аргументи, архиви, документација и колку што знам и македонската јавност знае, не постави прашање ниту една институција во Македонија дека нема на одбраната на обвинетите во Хаг да стави на

располагање некој документ, аргумент. Јас се согласувам ако имаме закон, овде некои колеги што предложија, и одбраната ќе имаше многу поголеми адути. Меѓутоа, што е тоа сега што и недостасува на одбраната? Јас се обидувам да премостам нешто заради нашата заедничка суета или поединечна на сите. Што е тоа што не може одбраната да го добие од надлежните државни институции во Република Македонија како факт, како спис, како документ, а што не го добила.

Во врска со тоа да направиме некој конструктивен договор, а не меѓу себе да се обвинуваме кој е за соработка со Хаг кој не е за соработка со Хаг. Или ако сакате, можеби, бидејќи јас ќе повторам, мислам дека Македонија има потреба од еден таков закон, овој закон нека оди во прва фаза, па во соработка со Владата и сите пратенички групи да направиме еден текст кој ќе биде прифатлив за сите.

Сега да бидам конкретен, мислам дека би било добро заради создадената атмосфера да се отвори можност за соработка помеѓу пратеничките групи овој текст да се повлече, да се формира една заедничка работна група меѓу сите пратенички групи и со Владата и да направиме еден текст кој ќе биде практично во функција на презентацијата на Република Македонија во ЕУ, во НАТО, инаку апсолутно легитимно е право на пратеник поединец или на пратеничка група да предложи закон, тука нема никаква дилема, деловнички, говорам само заради нараснатите страсти кај луѓето, малку суетност многу поголема, а дефинитивно не добиваме ако продолжиме меѓу себе да се караме, да се дискредитираме, губи Македонија во целина, а никој не добива, ниту еден пратеник ниту една политичка партија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски,

Господине Крстевски, за реплика или за збор?

Повелете три минути реплика.

**Зоран Крстевски:** Со внимание го ислушав господинот Тито Петковски и до предлогот целосно се согласувам со неговата дискусија освен со самиот предлог, бидејќи е малку вон контекстот кој овде неговата дискусија сакаше да го постигне, а ќе се постигне ако навистина ние утврдиме денеска потреба од донесување на закон.

Понатаму можеме да спориме околу текстот на законот, околу одредбите , што мислам дека е нужно. Меѓутоа, не само што е потребен закон за помош на одбраната, јас сакам да ве убедам како поранешен министер во таа Влада дека господинот Љубе Бошковски има документи кои ќе бидат употребени. Проблемот е што тие треба да бидат потврдени од државата Република Македонија, бидејќи тие не се приватни документи и затоа барем со една одредба да ја обврземе Република Македонија да ги доставува официјално документите во постапката е подобро отколку да немаме ни еден начин како тоа да го правиме. Не смееме да оставиме само на добра волја на Владата. Таму ќе циркулираат и документи од Кабинетот на претседателот на државата. Да ве потсетам, тој е врховен командат во Македонија и затоа и нему ќе му помогнеме, бидејќи малку подолго ќе трае оваа постапка можеби, меѓутоа, во интерес на одбраната е да се докаже дека Република Македонија не е инволвирана во ова.

Во таа смисла мислам дека е добро да донесеме, барем во оваа фаза, потреба од донесување на овој закон, а потоа може низ консултации и со подршка на Влада, експерти, да се подобри текстот на законот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Има збор пратеникот Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Гледам дека сеуште расположението е во правец овој закон да не добие подршка. Се разбира дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се бори до крај за усвојување на овој закон и доколку денеска не помине, ние повторно ќе го доставиме во Парламентот и повторно ќе отвориме расправа и ќе се обидеме да ги убедиме и другите пратеници кои денеска нема да сакаат да го подржат овој закон.

Јас навистина жалам што вчера, кога требаше да се зголемат платите на министрите и пратениците експресно се направи тоа во Парламентот, денеска кога треба да се одобри помош на семејствата на обвинетите со просечна плата, како што пишува во законот, денеска пратениците не сакаат да гласаат за тоа.

Пред цели три месеци Владата вети по состанокот со адвокатот на господинот Тарчуловски во екот на изборната кампања вети дека ќе ги отвори архивите. Денеска после три месеци, проверете со адвокатот колку документи од архивите добил. Овој закон би ја обврзал Владата да мора да ги даде архивите на Република Македонија. Овој закон би ја обврзал Владата да мора да им помага на семејствата на обвинетите и во целиот процес во одбраната на обвинетите во Хаг да успеат да докажат дека се невини.

Навистина жалам што овде се оди во други интереси, по друг пат и она што можам да кажам е навистина жално, тоа е единствената држава на Балканот која имаше проблеми со Хашкиот трибунал која ќе одбие да донесе таков закон ако така се случи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски.

Господине Андов барате реплика или збор? Збор.

Имам јас реплика Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитувани пратеници, дами и господа, слушајќи го вчера излагањето на господинот Никола Груевски и претходното јавување верував во себе дека пратеникот

Груевски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ навистина сака да се донесе овој закон и дека има добри намери при донесувањето на овој закон. Но, од неговото последно јавување конечно сватив и ме разубеди дека не треба да гласам, бидејќи му бил за политички маркетинг од едноставна причина сакајќи да го поврзе донесувањето на овој закон и упатувањето кон сите нас пратениците за вчерашното гласање за платите го потврди моето мислење за неговата демагогија.

Господине Груевски ако сакате да ги навредите сите овие пратеници или да кажете дека вие сте добриот, овие се лошите што гласале за вчерашната плата ќе ви кажам едно. Дефинитивно и ваши пратеници од ВМРО-ДПМНЕ гласаа за тие закони.

Второ, изгледа вие ако бевте тука ќе бевте против, можеби така, но дефинитивно тоа покажува дека вие не живеете од платата која е пратеничка, бидејќи вашите чевли, вашето одело вредат повеќе отколку тримесечна заработувачка.

Затоа сакам да ви кажам, ако сакате да ве подржиме за она што сега го зборувате, зборувајте за тоа, но зборувајќи за другото покажувате дека целокупното ваше залагање е демагогија.

Благодарам.

Никола Груевски една минута контра реплика.

**Никола Груевски:** Жалам што ве повреди мојата реплика, очигледно ве погоди. Колку чинат моите одела и чевли не е точно тоа што го кажавте, но добро е да си го проверите вашето и на вашите министри во Владата колку чинат оделата и чевлите и нивното работење.

Што се однесува до законот не чув ни еден мотив господине Најдовски од ваша страна до сега зошто нема да го прифатите овој закон освен она што го говорам дека навистина некој сака да ги сокрие архивите во оваа држава за двајцата обвинети за да заштити некој друг.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски. Јас ќе одговорам за себе, за моите министри можам да одговарам кога ќе се дискутира овде, но ќе одговорам за себе, проверете точно колку чини, моето е од "Први мај"-Пирот од 4.500 денари.Покажете вие и вашето обезбедување.

Продолжуваме понатаму.

Господине Петковски, со оглед на тоа што започнав со реплика не видов кои беа пријавени.

Господинот Андов бара збор, господинот Петковски за реплика, госпоѓица Грковска за реплика, господин Кондарко за реплика.

Три минути реплика за господинот Петковски.

**Тито Петковски:** Сакам само да потсетам дека праксата толку пати покажа дека околу законите не треба да имаме фетиш, култ кон нив, не значи дека заговарам незаконито работење. Еве денеска на седницата имаме закон за пушење. Колку пати се одлага примената на законот за пушење. Само една илустрација толку закони забрануваат да се краде, да се убива. Ако не постои добра волја од институциите, да се соработува на едно прашање како што е ова, бидете сигурни дека е напразно донесувањето на законот. Затоа молев, бидејќи е ургентно, луѓето се таму во Хаг она што е најитно државата да го направи, да побараме од Владата, а ако некој тоа не го дозволи како институција, како министер, ќе покренеме интерпелација.

Сакам да ве замолам да размислуваме во насока да бидеме рационални, она што е оптимално од нас што се бара како пратеници, како институции, како држава да го направиме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски.

Три минути реплика за госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Еден дел од дискусијата за мојата реплика ја кажа господинот Петковски, нема да се повторувам околу тоа, особено ако имаме во предвид дека ние сме усвоиле меѓународни конвенции кои не обврзуваат, кои сме ги ратификувале и кои имаат статус на закон и треба да ги почитуваме во Република Македонија, а еден од нив е соработка со меѓународните институции од оваа област.

Сакам да укажам на тоа, дека во овој закон има и други нелогичности во смисла на тоа дека лицето кое е обвинето ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. Според нашиот Устав презунцијата на невиност додека тоа не се докаже е загарантирана, ваквиот пропуст не знам од каде доаѓа. Меѓутоа, ќе ги сватам најдобронамерно сите забелешки и укажувања на господинот Груевски не само по овој закон, туку и по другите, доколку како министер во претходната Влада и како пратеник сега го објавеше анкетниот лист со неговата имотна состојба и доколку објаснеше како за четири години работен стаж, единствен и тоа како функционер, министер во Владата успеа да купи стан од 200 метри квадратни во централното градско подрачје. Како е тоа невозможно за останатите функционери или за останатите пратнеици кои тука имаат стаж повеќе од 20 години и кои егзистирале само од плата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Господинот Груевски една минута контрареплика.

**Никола Груевски:** Благодарам за репликата, би сакал само да демантирам дека за четири години работа сум купил стан од 200 квадрати, навистина жалам што се повеќе нервоза се јавува во пратеничката група на СДСМ.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Груевски со секое појавување во јавноста и со секое појавување во Собранието се брукате самиот себе. Меѓутоа, тоа не е мое да судам, нека судат вашите членови и јавноста.

Прво, апсолутно се согласувам треба да се регулира оваа област со закон и Владата тоа ќе го направи на соодветен начин. Владата веќе даде целосни гаранции што подразбираат, тоа го објасни пратеникот Дојчиновски, отварање на архивите и користење на сета потребна документација. Затоа не правете популизам од најнизок вид во јавноста злоупотребувајќи ја судбината на Љубе Бошковски за ваша лична кариера и за ваш личен маркетинг.

Едноставно, зарем пратениците од ВМРО-Народна, вашите поранешни соработници вчера во дискусиите зарем се сомневате дека тие му мислат добро на Љубе Бошковски. И тие сакаат да му помогнат на Љубе Бошковски. Меѓутоа овој ваш предлог на закон токму тие го нарекоа лицемерие. Господинот Трендафилов тоа го дискутираше. Господинот Флоровски беше исто така многу конструктивен и кажа јавно го пофали кажаниот збор на премиерот Бучковски за дадените гаранции на Владата. Сега, кој треба да се замисли. Мислам дека вие со ова водите една политика на подметнување исто како што направивте, истресовте зелена, па добивте шамар од сите партии и од експертите, па дури и од господинот Андов кој не ве подржа за референдумот за името и сега водите една политика на подметнување сакајќи да се направите патриот, а другите предавници или плашливци и да ги доведете во ситуација да се правдаат пред вас. Е, тоа не поминува господине Груевски, како што рече и некој од пратениците со политички памфлети да ни држите лекции.

На крајот на краиштата одбраната кога ќе побара нешто, кога ќе дојде во таква фаза, согласно одлуката на Владата дадените гаранции Владата ќе постапи, претпоставувам ќе донесе закон кој адекватно ќе ја регулира оваа област, а не да се фалите во образложението на законот со некакво компаративно право од Босна или од Србија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко.

Господинот Груевски една минута контрареплика.

**Никола Груевски:** Проблемот е во тоа што не само што Владата не го носи овој закон, ако сакаше да го донесе, можеше да го донесе, ние чекавме еден период да го донесе. Затоа што претпоставката ако Владата го предложи дека тој ќе биде усвоен е многу поголема и речиси сигурна отколку ако го поднесе и група пратеници. И токму затоа еден период чекавме тоа Владата да го направи, особено затоа што го најавуваа. Но, тие овој закон не го носат и тие не ги даваат архивите на адвокатите за одбрана на обвинетите. Во тоа е причината, во тоа е проблемот. Имате ли одговор на тоа?

**Слободан Најдовски:** Процедурално господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Ова не е реплика.

**Слободан Најдовски:** Ако е процедурално кажете во што е процедурата. Ако не, прво има збор господинот Стојан Андов, Марјан Ѓорчев па вие.

**Александар Флоровски:** Спомнат сум од господинот Кондарко. Точно е дека јас го пофалив премиерот во оној домен она што јавно го кажа.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, седнете, ќе се јавите и во дискусија ќе го кажете тоа. Имаш право на збор но кога ќе ти дојде редот.

Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Ова е многу значајно прашање, многу одговорно прашање и сите не исправа пред многу голема одговорност. Без оглед и на овој дел од фолклорот што овде се појави сега, мислам дека напредуваме. Напредуваме во следното. Сега се помалку се од овие што зборуваат дека е непотребно да се донесе закон. Значи, луѓето се свесни дека треба да се донесе закон. Само еден аргумент се слшна овде кој оди кон тоа да не се донесе закон, бидејќи ние сме имале многу конвенции, меѓудругото и Одлуката за формирање на Судот е со ратификација овде кај нас усвоена. Се разбира, имаме конвенции, меѓутоа, конвенции имаат и другите републики од поранешна Југославија и сите донесоа ваков закон. Според тоа, останува потребата да се донесе закон. Господинот Петковски имаше еден корисен прилог. Сепак, да расчистиме дека е потребно да се донесе закон. Мислам дека тој не ја доврши таа логика бидејќи рече да се повлече овој закон, па пратеничките групи да седнат итн. Тоа е непотребно губење на време, ама и упатувањето на група, или комисија има малку некои Черчиловски елементи кои ги изнесе господинот Петковски. Обично тие после завршуваат така што ништо не се донесе. Затоа јас мислам дека и предлагачите треба да направат чекор, во овој случај со онаа идеја на Петковски да се согласат, денеска да се изгласа предлогот за донесување на закон. Значи, еве да ги дополниме и да видите по вака крупни прашања многу е важно да не оставиме впечаток на една тотална поделеност и неодговорност. Тоа е многу лошо. Макар и на овој начин малку по малку да се движиме кон тоа, сепак да го решиме овој проблем и ако се согласуваат потписниците на предлогот, предлагам да одиме, дека е потребно да се донесе закон и да се усвои предлогот за донесување. Заклучокот може да биде така формулиран што ќе е обврзе предлагачот да обави консултации со другите пратенички групи и со Владата и да изготви предлог на закон кој ќе го достави до Собрание. Рокот треба да биде утврден за да се подудриме и со потребите кои произлегуваат од состојбите.Таму течат роковите во Хаг и ако ние донесеме којзнае кога закон и задоцниме, тогаш дури ќе биде сета таа работа излишна. Затоа предлагам предлагачите да прифатат ова да биде прва фаза, да се усвои Предлогот за донесување

и заклучокот да биде така формулиран да се задолжи предлагачот да обави консултации со другите пратенички групи и да го достави предлогот, да речеме за 10 дена до Собранието, за да може да биде донесен во еден разумен рок.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Навистина незнам што ни пречи да го донесеме овој закон. Значи, ние еве, ако гледаме од тој аспект како опозиција ги поддржавме измените, иницијативата за уставни измени, затоа што гаранциите што Владата ги дава до ММФ и Светската банка дека ќе пристапи кон реформи во правосудството не се доволни. Значи, потребна е дури измена на Уставот, не донесување на закон за реформи во правосудството. Значи, кога одиме на повисока фаза, кога тоа е во интерес на позицијата, тогаш ние добро е што го поддржуваме, тоа е демократски, тоа е принципиелно, тоа е правилно, а сега кога третираме една област која што исто така исто толку е важна, бидејќи и тоа е дел од правосудниот систем на Република Македонија, што не е кодифицирана област, а имаме проблеми, бидејќи гаранциите на Владата што значат? Владата гарантирала дека ќе дадат докази, дека ги отвори архивите, меѓутоа немала време, сакала да даде, но не можела да стигне, имала преговори со ММФ со Светска банка. Нема обврска за Владата тоа да го направи. Со овој закон ние го устоличуваме парламентот навистина како столб на парламентарната демократија. Овој закон во оваа фаза како што е постапката за нашите граѓани пред Хаг е нужен и потребен и за однесувањето на Владата пред се заради документите кои што треба да бидат доставени пред Хашкиот трибунал и воопшто потребен е за да Македонија се презентира како правна држава, затоа што ние сме за разлика од Хрватска, Србија, држава која што нема закон за однесување како ние како држава Република Македонија ќе се однесуваме пред Хашкиот трибунал. Дадов компарација со иницијативата за уставни измени. Тука можевме да бидеме единствени, затоа што тоа е во интерес на Република Македонија да биде сериозна држава која што оди и чекори кон ЕУ и кон НАТО алијансата. Зошто сега да не бидеме исто така сериозни да се обврземе да го поддржиме овој закон нормално со одредени забелешки, со одредени би рекол дискусии кои што ќе бидат конструктивни за негово надградување и кое што ќе значи прилог за наше заедничко истапување како парламент во делот на заштитата на човековите права и слободи на нашите граѓани кои што сега во постапка пред Хашкиот трибунал. Многу едноставно тука нема место за политички игри. Тука ние треба да донесеме закон кој што ќе ги утврди правилата на однесување на Владата на Република Македонија независно од која политичка коалиција е таа Влада и независно какви цели си поставила 2002 година на 1 ноември кога била избрана од овој македонски парламент. Едноставно тоа е наша задача, затоа сме ние денеска во македонскиот парламент да носиме закони.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас ќе бидам краток овој пат. Точно е дека јас искажав пофални зборови за господинот Бучковски, верувајќи во она што значи јавно кажан зборл. Од друга страна слушам дисонантни тонови дека Владата веќе три месеци фактички ништо не презема околу случаите за кои говориме.

Предлагам едно соломонско решение кое можеби и ќе не зближи околу овој закон, а тоа е доколу се има добра волја, дух за соработка и заедничка цел Македонија ќе ја презентира во едно поинакво светло пред светот, а и пред самиот Хашки трибунал дека ова што го правиме, го правиме со заеднички напори на сите политички субјекти. Да седнат координаторите на пратеничките групи, или лидерите на политичките партии да се договорат и овде да излеземе со цврст и јасен став дека застануваме зад овој закон кој ќе оди во правец и на помош и она што ќе значи обврска на самата Влада, бидејќи слушнавме дека архивите те се отвараат, те се затвараат и човек се наоѓа во недоумица едноставно што е вистина, што е лага. Постои ли добра волја од страна на Владата. Од друга страна господинот Груевски вели дека веќе три месеци таква работа нема. Ние се наоѓаме во една недоумица. За да немаме дилеми како ние да гласаме, го предлагам ваквото решение и доколку постои добра волја, нека се седне, нека се разговара, да излеземе со еден готов текст кој ќе го прифатиме едногласно. Тоа е мојот краток говор.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Флоровски.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од половина час за консултации.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи и јас мислев да дадам пауза во 13,30 часот, затоа што имам некои средби, значи продолжуваме во 15,00 часот.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата

(Седницата продолжи во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, во име на предлагачите бараме, согласно член 77 од Деловникот за работа на Собранието, став 1 да се одложи претресот по оваа точка, за наредното продолжение од причини што дел од пратениците од парламенатрното мнозинство искажаа дека ќе дадат подршка за законот,

доколку законот биде во две фази и токму заради тоа да направиме можност за комуникација едни со други бараме на наредното продолжение на седницата да биде продолжена расправата по законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

И јас сакам да ги известам присутните пратеници дека тоа барање го добив, потпишано од сите предлагачи и ќе ви биде поделена копијата на сите предлагачи, потписот, а ве известувам дека по барање од предлагачите, согласно член 77 став 1 од Деловникот на Собранието, претресот по Предлогот за донесување на закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг со Предлог на закон ќе го продолжиме на првото продолжение на 97-та седница на Собранието на Република Македонија. Тоа е по член 77 од Деловникот и тука сега за сега ја прекинуваме расправата.

**Минуваме на точка 33 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Мислењето на Владата и Дописот на Законодавно-правната комисија ви се доставени одснсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Најдовски, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, законот кој што го имате пред вас е многу краток и едноставен и сакам само во неколку црти, и заради пратениците и заради јавноста, да дадам неколку појаснувања.

Прво, во јавноста се создаде впечаток дека се предлага закон со кој што ќе се одложи примената на Законот за заштита од пушење, донесен во 1995 година. Законот кој што јас и колешката Лилјана Ивановска го имаме предложено не се однесува на одложувањето на примената на законот од 1995 година и тој закон е во примена. Сите оние кои деновиве кажуваа дека тој закон не треба да се одлага, еве, уште еднаш повторувам тој закон е во примена и оние кои даваа изјави дека биле спремни некои од кафулињата, ресторанитe, некои директори на фабрики да го применат, само да ги потсетам не требале да бидат спремни туку требало да го применуваат бидејки тој закон важи. Ние бараме да се одложи примената на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето. Причините ги наведов кога разговаравме за законот за ограничување на потрошувачката на тутунските производи на претходната седница, кој што за жал од пратениците не беше усвоен. Сега иако во образложението на Предлогот на законот за измени и дополнување на Законот за заштита од пушењето на прв поглед е за прилагодување на субејктите, напротив, тоа е закон за измена на тој член 8 заради тоа што таму тоа е предвидено како прилагодување на субејктите. Но главната причина заради која што ние го предлагаме овој закон и уште еднаш сакам да ја потенцирам и да ве повикам, ние во овој период да донесеме закон адекватен на европските норми.

Само неколку работи кои многупати сум ги повторувал и сега сакам да ги повторам.

Прво, јаснои децидно се произнесов дека ние не пропагираме пушење, бидејки имаше една таква интенција да се прикаже во јавноста.

Второ, сакам да кажам дека постојниот закон длабоко сум убеден е неприменлив. Само неколку причини ќе кажам. Стопати имам овде повторено, ако од 1 јуни стапи во сила законот, ќе ги забраните ли трките Формула-1 на телевизија? Јас ве уверувам дека нема да ги забраните. Тоа ви го кажувам заради тоа што тоа е индиректно рекламирање на цигари и тутунски производи.

Исто така, недефинирани се одредени поими во постојниот Закон. Како пример: Во постојниот закон вели се забранува продажба на тутунски производи односно цигари 50 метри од воспитно-образовните институции односно училиштата. Еве, правниците се тука и ќе кажат што подразбираат под 50 метри, од влезната врата на училиштето, од дворот на училиштето, од оградата на училиштето и како ќе го казните тој што е прекршител. Уште една норма која не е прецизирана и применлива.

Понатаму, ако стапи на сила на 1 јуни постојниот Закон, во тој закон е забрането рекламирање на цигари и тутунски производи. Наспроти тоа, во Законот за безбедност на храната и производи кои се поврзани со храната, членот 35, стои дека е дозволено рекламирање на тутунски производи односно на цигари на продажните места. Значи тие два закони се спротивни и контрадикторни еден на друг. Тогаш кој закон ќе го применувате?

Од тие причини, ние изработивме и предложивме една верзија на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, каде што сето ова што го зборувам е децидно кажано и точно утврдено. Затоа го бараме ова одлагање.

Понатаму, оние кои што не напаѓаат дека ние сме ги штителе пушачите, а не здравјето на непушачите, само д аим одговорам. Во законот кој што ние го имаме предложено имавме предвидено дека најмалку 50% од корисната површина во објектите кои се за храна и други кои се наведени во претходниот закон треба да бидат за непушачи. Ако се примени постоечкиот закон, тоа значи дека во еден ресторан од 50 маси да кажеме, ако сопственикот одреди една маса за непушачи, тој го исполнил условот. Другите 49 ќе бидат за пушачи. Значи ли тоа дека со тоа повеќе се грижат оние кои што не критикуваа овие денови, отколку нашиот предлог. Во овие воведни напомени би имал само толку.

Да разјасниме, прво дека ние бараме одлагање не на Законот од 1995 година, него на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, и ние бараме, повикуваме,

со оглед на тоа што во Владата на тоа размислуваат, да седнеме заеднички да направиме закон применлив и кој што ќе има ефект и кој што ќе биде доближен до европските закони, во спротивно јас мислам дека ние ќе останеме на едно решение кое што нема да биде применливо. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, збор има госпоѓа Станковска Славица, а потоа нека се подготви пратеникот Чедомир Краљевски.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе.

На почетокот на моето излагање ќе се обидам на колегата кратко да му одговорам на прашањата што ги постави како дилеми пред пратениците.

Прво, колегата праша дали ако стапи на сила законот за заштита од пушењето од 1 јуни, на некој начин ќе ги спречиме трките на Формула 1, сега прашувам дали пак ако го сториме тоа кон крај на декември и тогаш на некој начин можеме да делуваме врз пренесување на трките на Формула 1 на визуелните медиуми. Она што го кажа навистина не е суштинско околу одалеченоста да речеме на продавници или објекти кои се наменети за продажба на тутунски производи од училиштата, 50 метри. Не е битно од која точка се мери, 50 метри значат 50 метри. Дури, тоа не е толку многу битно дали ќе бидат 50 или 100 метри, но сепак на некој начин тие се предизвик за учениците, односно оние кои се наоѓаат во воспитно-образовните институции.

Колегата рече дека со овој предлог и со оваа измена и дополнување на Законот за заштита од пушењето, што на некој начин го регулира само стапувањето во сила на овој закон, тој рече дека тоа се однесува само на измените и дополнувањата. Колега, јас не сум правник, но кога ќе се усвојат од Парламентот и измените и дополнувањата на некој закон, тоа значи дека тие измени стануваат составен дел на тој закон и не се третираат оделно, туку законот се третира во целина. А ако како член од измени и дополнувања усвоивме дека законот стапува на сила од јуни, тоа значи во целина законот стапува од јуни. Измените и дополнувањата се однесуваат само во сферата на проширување на објекти во кои е ограничено пушењето и на некој начин е ограничено рекламирањето на тутунските производи. Сега во моето обраќање ќе се обидам да искоментирам и да искажам некои сопствени дилеми во однос на предлогот доставен од колегите Најдовски и Ивановска, а исто така ќе дадам и свое видување на однесувањето и Мислењето доставено од Владата на Република Македонија, сигурно ќе го дадам и сопствениот став и сопственото мислење во однос на овој закон.

Навистина колеги јас сум изненадена и зачудена, за само две недели пред нас се наоѓаат два предлога од истите колеги. Навистина ме зачудува заради тоа што, законот што го предложија пред две недели, а беше на претходната седница која и не е завршена, доби негативно мислење од Владата и ние како Парламент го отфрлифме, јас лино, не само заради миселњето на Владата, туку заради тоа што имам сопствен став во однос на законот за заштита од пушењето.

Последниот месец, пред реализација и стапување на снага на овој закон, упорноста оди до таму, да колегите бараат една солуција да се пролонигра овој закон за заштита од пушењето, незнам дали се купува време за да во декември излеземе со уште некој друг закон и уште едно пролонгирање на овој за некој небитен и несуштествен закон. Се обидував при размислување што е она или кој е мотивот што колегите ги тера да постојано актуелизираат едно прашање кое барем според мене е апсолвирано и според тенденциите на нашата Република, односно и на нашиот Парламент, мислам дека и не треба во овој облик и не заслужува разгледување.

Дали со овој обид се обидуваат колегите да заштитат една категорија на граѓани, да речеме пушач. Мислам дека не, заради тоа што овој закон не гласи закон за забрана на пушењето. Тоа значи дека пушачите, можат да пушат ако сакаат, можат да пушат колку сакаат, единствено се ограничува да пушат таму кај што ќе сакаат. Ако на некој начин се обидуваат да ги заштитат тутунопроизводителите, или дистрибутерите на тутунските производи и тоа не, заради тоа што никој не го ограничува производството и дистрибуцијата на тутунските производи.

Дали на овој начин колегите ги заштитуваат,не пушачите. Најмалку заради тоа што во многу случаи непушачите стануваат жртви заради тоа што тие немаат сопствен избор. На работното место и секаде каде што се движат тие се изложени на пасивно пушење. Дали на некој начин сакаат да ја заштитат хуманоста на спонзорите. Ние немаме закони за спонзорство, што значи дека и тие средства што се наменети и навистина некогаш е оправдано, но не некогаш, може и секогаш Владата и државата до крај нема контрола каде идат и како се трошат. Уште помалку со рекламирање на тутунски производи од разни билоборди, технички реклами и за младата популација можеби стануваат интересни и на некој начин провокација да експериментираат и да станат зависници од пушењето. Од споcптвено искуство сакам да им кажам на колегите кои немале контакти со млади луѓе, застрашува возрасната граница кога тие млади луѓе започнуваат со пушење. Ако за мојата генерација беше карактеристично средношколски години, таа се поместува и сега младите почнуваат да пушат од прво до четврто одделение.

Како што кажа и колегата, веќе сите субјекти кои на некој начин беа заинтрегирани со овој закон покажуваат веќе спремност. Во Куманово, градот од каде потекнувам веќе има циркуларно писмо од инспекциски служби до разни субјекти да се подготват да го применуваат и можам да кажам дека голем број на организации имаат одржано состаноци и се предвидени простори и простории

за пушачи.

Наши претензии за Европската унија, колегата рече да направиме еден современ закон кој ќе кореспондира со европското законодавство. Ние како предлагачи не измисливме ништо ново, туку токму оние делови кои ги дополнивме ги препишавме од европското законодавство, од земји членки, оние кои претендираат да бидат членки на Европската унија.

Колеги, ако граѓаните немале можност да почувствуваат што значи правна држава и што значи односот кон пушењето како во западните земји, добар дел од нас сме имале можност да видиме како се однесуваат и како го третираат овој проблем. Посебно земјите од Европската унија во случај кога некој закон допира или тангира здрава животна средина тука се мошне ригорозни и водат сметка за сопствената популација за правото на сопствен избор и заштита на неговите човекови права.

Да речам сега нешто и да прокоментирам за односот на Владата. Навистина, далеку од мојата лична логика само за две недели генерално ставот на Владата не се менува, но со ова пролонгирање не можам и не сакам да шпекулирам што Владата сака да постигне. Мене, барем ваквото нешто лично, не заради тоа што јас сум еден од предлагачите, тоа може да било и било кој, но навистина покажува една неспремност и она што можев да го видам од многу анкети преку визуелните медиуми не дека не го подржува, тие го подржуваат законот ама се сомневаат во имплементацијата на законските решенија. Тоа кажува дека граѓаните немаат доверба во системот на државата, таа до крај правно функционира, ние како Парламент до крај сме заинтересирани правниот систем во целина да заживее, а овој однос во целина на Владата ни кажува нешто што оди во насока за која не ни е драго.

Што е она што за неколку месеци, или пет, шест месеци ќе се надмине и ќе се реши. Според мене ништо или многу малку. Колегата, ако се сеќаваме добро пред две недели кога повикуваше да го прифатиме законот што тој го предлагаше за контрола на тутунските производи повикуваше на нашата големина како пратеник да се спротивставиме на мислењето на Владата и да бидеме толку големи да донесеме сопствен став. Јас пред малку реков дека тоа беше мој став не заради тоа, можеби случајно или не се совпадна со мислењето на Владата.

Јас коелги не ве повикувам и не сакам да покажуваме колку ние сме големи, но јас сакам секој поединечно, според сопственото убедување да прифати или не еден ваков предлог, но притоа да посмислиме и на категоријата на граѓани кои се жртви на пасивното пушење и на младата популација и на сето она што на некој начин значи зависност од пушењето.

Јас само за илустрација ќе дадам нешто што пред некој ден ми падна во рака, вели, постхумна оштета од 400 илјади евра за жртва на пасивно пушење, одлука на Римскиот суд. Во Италија нема закон кој регулира или забранува пушење, но сепак судските органи во Италија донесуваат едно вакво решение заради тоа што, странката за жал, одејќи на хемо терапија за рак на белите дробови, починала од сообраќајна несреќа, не сакам да читам да злоупотребувам говорница, но постхумно на фамилијата и на наследниците им доделуваат 400 илјади евра.

Секој според сопственото убедување, но колеги, многу често не повикуваат дека ние пратениците сме со ограничени интелектуални способности, ние сме некоја гласачка машина. Гласајте според сопственото убедување, но притоа да не газиме по нашите сопствени ставови и по нашите одлуки заради тоа што со тоа им даваме право на оние што не повикуваат и оние што не омаловажуваат повторно да се повикуваат на истото.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Господин Макрадули процедурално, повелете три минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, јас се извинувам што процедурално реагирам бидејќи знам дека ова не можам ниту да го докажам, но во интерес на јавноста очигледно дека овие два потписи што се овде на колеги пратеници, не се исти со оригиналниот предлог. И, сега не знам како можеме да реагираме процедурално во однос на претходната точка кога бараа да се повлече. И, не знам како луѓе што претендираат да ја водат оваа држава се обидуваат да направат фалсификат од потпси на колеги кои не им се овде. Не знам дали можеме процедурално тоа да го решиме во овој момент. За мене претходната точка не е завршена, бидејќи секој малку од малку што гледа, ги повикува медиумите тоа да го погледнат. Потписите што се овде на двајца колеги пратеници немаат врска со овие потписи што денеска овде ни се нудат.

Јас се извинувам што влегувам во оваа точка, но сега го добивме материјалот и со потписите за одложување на претходната точка, и, сега не знам немаме статутарна можност ние тоа да го направиме, но апелираме, какви луѓе сакаат да дојдат на власт во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Макрадули јас исто така ја прашав госпоѓа Бонева дали оние што се најавено отсутни како што е господинот Кедев и госпоѓа Ганка Самоилова го потпишаа, мене ми рекоа дека го потпишаа. Јас не сум истражен орган и постапив според Деловникот.

Госпоѓа Ивановска има реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, се извинувам на колегите што не бев на почетокот како предлагач на овој закон кој што крена толку прашина и добро е што крена прашина во јавноста затоа што дури имаше написи во весниците дека ало да побараме за пушачите.

Апсолутно погрешно презентирање на Предлогот на законот. Еве јас на јавноста и на колегите пратеници да им кажам дека јас сум непушач и огорчен противник на пушењето. Така да, да нема дилеми околу тоа дали се бара милост или смрт, да не употребам многу тежок збор за пушачите, а мојот колега Најдоски е страсен пушач.

Она што ние го предлагаме е усогласување на законите во Република Македонија, не знам што зборуваше господинот Најдовски во своето образложение затоа што не бев тука, но ќе кажам дека ние како предлагачи на овој закон сме на одложување на примената на измените на законот кои што поминаа во 2003 година е токму намерата, а ние таа намера ја кажавме токму со законот за ограничување на тутунски производи, законот кој што не помина на минатата седница, така да нашата намера не е дали сме против пушачите или непушачите, туку оваа материја да се регулира целосно.

Она што го добивме на претходниот закон, мислењето од Владата од претходниот закон, јасно кажува, кое беше негативно, секако, меѓутоа тоа беше прва фаза и ние ќе бевме среќни доколку како прва фаза беше прифатено и до стапување на сила на овој закон се решеа овие проблеми, меѓутоа, веројатно временски, не сакам да претпоставувам овие закони не можеа да се донесат.

Единствениот мотив на предлогот на одлагањето на законот беше токму усогласувањето со други закони, за да биде применлив овој закон.

И заради информирање на јавноста постои закон за пушење од 1995 година за заштита од пушење каде што инспекцискиот надзор е дефиниран каде што исто така постојат казнени одредби, меѓутоа примената на законот секако зависи и од тие служби, меѓутоа и од санкции. И, не е точно дека не водиме грижа како што кажа госпоѓата Славица, јас имам син од 17 години кој што се надевам никогаш нема да пуши и секако дека сум загрижена за неговото здравје.

Оние закони за кои што ние инсистираме да се решат со новата законска регулатива која што ја најави Владата во мислењето за претходниот закон, не е ова реплика, ова како предлагач на законот имам право на повеќе од три минути.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам, ако имате двајца, и сите ако расправате по законот.

**Лилјана Ивановска:** Добро, мојот збор ќе го кажам на крај, меѓутоа дозволете да кажам кои се законите кои што ги усогласуваме, тоа е Законот за трговија, Законот за тутун, Законот за здравство и Законот за заштита од пушење кој што треба да го предложи Министерството за здравство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Се надевам госпоѓо Ивановска ќе останете само на тоа огорчени, само на тоа огорчен противник на пушачи. Ќе останете само на тоа.

Повелете госпоѓо Станковска, имате една минута.

**Славица Станковска:** Јас ќе бидам многу кратка, ова го сваќам како реплика и со овој предлог колешке воопшто не станува збор за усогласување на нашиот закон за заштита од пушење со Европското законодавство. Јас прашувам дали со пролонгирање на рокот нешто ќе се подобри во оваа сфера. Нашите дополнувања на законот од 1995 година се толку малку, а да ви кажам дека се суштински и ние пред да го доставиме предлогот нашите ставови ги усогласивме со Законот за здравство, Законот за тутун, Законот за трговија.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Краљевски, а потоа нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, мојава кратка дискусија по однос на оваа точка од дневниот ред ќе ја започнам со една констатација. Живееме во време и во свет кога едно пушачко малцинство го малтретира непушачкото мнозинство на начин што од непушачи ги претвора во пасивни пушачи, а многумина од нив и ги регрутира во пушачи. Понатаму ќе продолжам дека за штетноста на оваа негативна појава многу е речено во времето кога моите колеги од градот од каде што доаѓаме сите тројца, а тие тогаш како предлагачи на законот за заштита од пушењето кажаа што всушност и кои негативни последици предизвикува рекламирањето и активното уживање во тутунските производи.

Јас тука не би одземал многу време на аудиториумот да зборувам за штетноста од пушењето туку само ќе ја пофалам принципиелноста на тогашните предлагачи на важечкиот Закон за заштита од пушењето односно колешката Славица Станковска и колегата Иван Атанасовски на опстојот на овој закон влезе во сила тогаш кога е предвидено, кога го носевме законот односно на 1 јуни 2005 година.

Би сакал уште да напоменам дека ваквата нивна принципиелност ќе ја очекувам во иднина и кога ќе дојде точка на дневен ред, гласање за судии, предложени од Републичкиот судски совет, бидејќи ако сме пинципиелни за една работа истиот тој принцип ќе го застапуваме секогаш во нашето дејствување и живеење.

По однос на новиот закон кој сега се предлага односно законот за измена на законот за заштита од пушењето од предлагачите, господинот потпретседател Најдовски, ќе кажам само една латинска поговорка која чинам дека ја апсорбира целата моја дискусија во себе. Латинската поговорка значи дерикулум ин мора, а во превод, опасноста е во одлагање.

Она што може да се направи сега и одма, не треба да се одлага за утре или за некој подоцнежен датум. Според тоа, мојот глас е против за предложениот закон, а е за стасусквото во законот за заштита од пушењето.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Да, таа латинска поговорка се чини дека не важеше за претходниот закон, кој што е одложен.

Повелете госпоѓа Ивановска имате реплика.

**Лилјана Ивановска:** Е, па, претседателе половина реплика ми ја земавте бидејќи оваа латинска поговорка не важеше токму за претходниот закон. Ние инсистираме на примената на законот за заштита од пушењето од 1995 година со усогласување на законските решенија кои ја регулираат оваа област и за принципиелноста немам коментар. Принципиелноста се искажува овде во градењето на ставовите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Грковска вие се пријавивте, имате реплика или не.

Господине Ѓорчев, а потоа господинот Анастасовски.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господо пратеници, јас ќе се обидам да го појаснам ова што сега го објаснуваа предлагачите на законот. Еден од предлагачите е господинот Најдовски. На Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го разгледувавме и овој предлог како можна варијанта и во што се состои овој предлог за продолжување на рокот за прилагодување т.е. усогласување на стопанските субјекти во своето работење според одредбите на овој закон на кој се бара изменување и дополнување.

Имено, се работи за следново: на омисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство предлагачите господинот Најдовски и госпоѓа Ивановска поднесоа еден друг многу полиберален закон за кој што заедно оценивме дека има потреба од таков закон, меѓутоа затоа што не е донесен носечкиот закон за тутун и промет со тутунски преработки добро би било во пакет, значи сите тие сфери на производство, промет и потрошувачка на тутунски производи да бидат сеопфатно разработени и дури тогаш реалниот живот да биде преточен во правна норма која пореално ќе ги отсликува потребите на граѓаните за правна квалификација.

Од причини што веројатно предлагачите имаат сенс за тоа дека законот немаше да помине ние во Комисијата му дадовме поддршка на тој закон, но од причини што се отцени дека во Парламентот нема да помине предлагачите образложија дека во таков случај подобро е да се бара овој рестриктивен закон кој што апсолутно, а јас ќе потврдам дека ги прочитав дома одредбите не може да се материјализира во пракса, не можат тие одредби за рекламирање посебно на производството за пушење да бидат остварени и тој ќе биде само закон на хартија за што нашите стопански субјекти, училиштата, трафиките, оние простори каде што треба да биде тој применлив, нема да го почитуваат тој закон и тој ќе биде промашена законска норма. Одредбите негови ќе бидат промашена законска норма особено во услови кога не сме го донеле сеуштеновиот закон за тутун, кој што многу сеопфатно ги третира секторите на производството и прометот на тутун и тогаш логична последица ќе беше во оваа, би рекол фазна надградба да се донесе квалитетен закон.

Од тие причини предлогот на предлагачите јас лично го поддржувам и нашата пратеничка група затоа што се работи за многу сензибилна работа, а таа работа е дека ние треба да носиме многу квалитетни закони. Сметам дека со пролонгирање на овој рок ќе дојдеме до квалитетен закон за тутун. Имам информации дека Владата веќе го изготвува, значи ќе дојдеме до нова ситуација кога одредбите на овој, би рекол, рестриктивен закон за кој што сега предлагачите бараат измена и дополнување на законот за заштита од пушењето, ќе може барем колку толку да ги одрази реалните потреби на граѓаните на Република Македонија во овој дел на конзумирањето на тутунските производи.

Заради сето ова што го наведов како објаснување и уште еднаш ќе потврдам Комисијата даваше позитивно мислење и за овој предлог, значи во две фази ние имавме расправа во омисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, ние даваме поддршка на овој Предлог за донесување на закон за измена и Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Госпоѓо Станковска, реплика, три минути.

**Славица Станковска:** Почитуван колега вие се залагате за нов квалитетен закон, јас немам ништо против, јас сакам да имаме навистина добри, квалитетни и применливи закони, но добро е секоја сфера од нашето општествено живеење да биде законски регулирано се до носење на тие вие како што велите добри, квалитетни и применливи закони.

Според мене не постои лош или добар закон, туку постои лош или добар однос кон тој закон.

Ова уште еднаш потврдува, слушајќи ве често од говорницата, добив впечаток дека вие без разлика на тоа што сте опозиција многу често конструктивно дискутирате и се залагате за правна држава, а сега велите дека еден закон на кој позитивно мислење дала Владата на Република Македонија прифатен од Парламентот како највисок законодавен дом во Република Македонија дека законот не е добар и дека не е применлив. Мислам дека односот и нашиот менталитет, а и многу добри и квалитетни закони ги става во сферата на неприменливи закони.

Ќе ве потсетам и ќе направам една паралела, ние навистина многу реагиравме кога донесовме Закон за врзување со појаси и за светла. Верувам веќе сите ние научивме да се врзуваме и да ги палиме светлата. Дозволете законот да профункционира, а во времето кое следи предложете законско решение кое ќе биде најприфатливо, најсовремено дури и најдобро решение во Европа. Јас исто така ќе го поддржам

и тоа законско решение.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господин Анастасовски имате збор.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседател, колеги пратеници, јас сакам да го кажам својот став по однос на предложените дополнувања и измени на законот за заштита од пушењето. Јас сум еден од претходните предлагачи на истиот закон и сега поттикнат од некои колеги кои пред мене дискутираа, значи, добро е овој закон кој е донесен во 1995 година, а стои на хартија, и среќа наша што хартијата од "Службениот весник" не бледи, значи има време, ние сме млада држава, еден ден најверојатно ќе профункционира тој закон, од една страна, од друга страна, јас се сеќавам и претходно двајцата колеги пратеници имаа поднесено закон, ако не се лажам на претходната седница за кој што јас лично навистина имав позитивно мислење, не бев тука за да го кажам својот став, значи имав позитивно мислење.

А по однос на ова што е сега на дневниот ред и нивна иницијатива сакам да кажам дека ние како претходни предлагачи на овој закон, да не се створи сега една фама во јавноста, имавме интензивни консултации со претставници од Министерството за здравство, значи имавме интензивни консултации со Тутунскиот комбинат Скопје како дел од корпорацијата Империјал Тобако каде што ги имплементиравме сите сугестии кои што беа од нивна страна во нашето законско решение и на претставниците од здравството имаше една замолница од нивна страна да се усогласиме со договорот за контрола на тутунот кој сеуште не е ратификуван во нашето Собранието, и тоа го направивме и од тој аспект јас не можам да кажам дека тоа можеби не е најквалитетното законско решение, меѓутоа има свои предности, тоа законско решение кое ние го предложивме. Потоа ние уште еднаш го пролонгиравме рокот, мислам дека господинот Слободан Најдовски беше предлагач за пролонгирање на рокот за година дена на важење на тој закон. Сега доаѓаме во ситуација повторно за шест месеци да го пролонгираме рокот на важење на овој закон, така да јас од тие причини не верувам дека и сега еве за овие дополнителни шест месеци дека сето тоа ќе профункционира.

Само од тие причини јас не можам сега да гласам за дополнување и изменување на законот за заштита од пушењето бидејќи лично сметам дека тој повторно нема профункционира. Но, јас кажав дека ние сме млада држава, полека со текот на времето ќе почне да функционира и овој закон. Од тој аспект јас нема да го поддржам ова законско решение.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе, ќе се обидам да не се повторувам со претходниоте колеги, меѓутоа, има уште некои детали околу кои мислам дека до сега сеуште не се осврнавме. Имено, колегата Ивановски кажа дека кога го подготвувавме овој закон заедно со колегата Анастасовски, кога ги подготвувавме измените на овој закон заедно со колешката Станковска, се консултиравме со вработените во Министерството за здравство и се потрудивме да ги вметнеме европските регулативи кои можеби како држава сеуште ги немаме ратификувано, меѓутоа, сметавме дека рокот на ратификација кога и да е ќе се случи и дека е добро да имаме еден закон кој што ќе биде согласно сите европски критериуми.

Меѓутоа, колку и да се обидувам да ги сватам моите колеги кои се предлагачи на овој закон добронамерно, не можам да го направам тоа заради тоа што има многу нелогичности во нивното искажување, и покрај мојата голема почит и кон двајцата. Прво, заради тоа што ние предвидовме во тој закон да има седум месеци на прилагодување. Моето прашање што логично се наметнува е зошто беа потребни седум месеци за да поднесете ваков предлог на закон.

Второ прашање, дали сметате дека е доволно со Предлог на закон кој што ќе ја одложи само примената на законот дека практично сме нашле решение на проблемот. Нема да се согласам со тоа. Јас ќе го сватев сериозно овој предлог доколку во Предлогот на законот што вие ќе го предложевте, предложевте конкретни членови и амандмани со кои ќе го подобревте текстот на законот кој што еднаш веќе во Собранието сме го донеле. И тогаш немаше да се согласам ниту со написите во весниците, кои овие денови беа полни, дека тутунските концерни го одложија законот уште еднаш и дека единствено заради тоа што тутунските комбинати не се подготвени да го применат овој закон, ние сега се наоѓаме во ситуација да го одлагаме донесувањето на овој закон. Јас со тоа не можам да се согласам, затоа што сметам дека доволно беа седум месеци, не само за прилагодување на комбинатите и на претпријатијата, за да се прилагодат на него, туку и да се реагира на предложениот текст со конкретни решенија, а не само со одложувања. Одложувањето нема да ни даде никакво решение. Вака се добива впечаток дека единствено заради забраната на рекламирање на тутунската индустрија ние ќе треба да ја одложиме примената на сите оние добри решенија во законот, кои практично ќе ги заштитат граѓаните од последиците од тутунот и тутунските производи, а и за тоа пишуваа многу весниците, на што се штети тоа и немам намера тоа да ви го читам, затоа што ќе ни треба подолго време, само мислам дека ги видовте и вие. Можеби во некои весници весници беа попластично прикажани, за да станеме свесни со што се се соочуваме.

И на крајот, пред пратениците да ја донесат конечната одлука, да ги потсетам прво дека само пред две недели гласаа против истиот текст на законот и дека доколку го поддржат овој закон, не гласаат само за одложување на рекламирањето на тутунските производи, туку гласаат и против високите казни кои се предвидуваат доколку не се

почитуваат законските решенија што се предвидени во законот, што е исто така една лоша особина од тој аспект. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

За реплика се јави госпоѓа Ивановска. Повелете три минути.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам, претседателе.

Почитувана колешке Грковска, секако дека го почитуваме тоа што го предложивме, меѓутоа, тоа беа измени и дополнувања на Законот, но прашавте зошто порано не предложивме текст. Ние предложивме текст во прва фаза во Собранието, ние го чекавме Законот за тутун. Не треба да заборавите дека тутунската индустрија во Македонија е важна стопанска гранка. Како што кажав, јас сум непушач и огорчен противник на пушењето и ваквите дилеми што се поставуваат не треба да бидат во таа насока и во заштита на активните пушачи. Тука воопшто не само што немам дилеми, туку имам и многу јасен став.

Меѓутоа, овој Предлог на закон кој што го предложивме на минатата седница нудеше решенија, што за жал не беше прифатен, меѓутоа, има и објаснување, Мислењето на Владата го дава тоа објаснување. Значи донесување на закон за тутун, донесување од Министерството за здравство адекватна заштита од пушење и секако усогласувањето или престанувањето на важење - треба да се направи еден систем на измени на закони, а ние двајца како пратеници не можевме тоа да го подготвиме. Знаете како можеме и во кои услови ги подготвуваме измените, како и тоа каква е нашата експертска помош од тој аспект и проблемите со кои ние како пратеници, а веројатно и вие кога го подготвувавте тој текст, се судривте, затоа што не сме експерти по тие прашања. Затоа, во овој период додека трае одлагањето на законот, ние како пратеници ќе се погрижиме тоа системски да го решиме повторно со истиот текст на законот изменет или со измени на другите закони ќе предложиме системско изменување на сите проблеми и контрадикторности во целата законска регулатива која го третира ова прашање, па конечно да дојде очекуваната заштита на пасивните пушачи, односно на непушачите од страна на пушачите. А дали е тоа малцинство или мнозинство, тоа нека каже спецификата, меѓутоа, имајќи предвид каква е состојбата во јавните простори, мислам дека мнозинството се пушачи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика, госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Добро, јас се согласувам за улогата што ја има тутунската индустрија во Република Македонија и дека треба да се грижиме за тоа, меѓутоа, исто така треба да се грижиме и за здравјето на граѓаните, нормално, со механизмите што на нас како пратеници ни стојат на располагање.

И уште еднаш сакам да повторам, како еден од предлагачите на претходниот закон, јас ќе гласам против овој тек.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, повелете, имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Законот е краток и се предлага одложување на стапување во сила на Законот за заштита од пушењето. Јас ќе гласам за одложување на примената на Законот за заштита од пушењето не заради тоа што сметам дека овој закон за заштита од пушењето е лош и ќе има некои проблеми, и не треба да се донесе или да стапи на сила. Многу е добро што побрзо да се регулира и таа сфера во државата, посебно за заштита на граѓаните кои не пушат, односно пасивните пушачи, кои сега трпат и имаат проблеми по нивното здравје од луѓето кои што пушат. Проблемот е што ние, по стапувањето во сила на овој закон, ќе направиме само уште проблеми во државата. Како што работиме овде во изминатите години и донесуваме закони, тие ќе излезат во "Службен весник" и ќе стапат во сила, имаме проблем во спроведувањето на законите. Затоа, ако не можеме да ги спроведеме законите од даночната сфера, сеуште фискализацијата или прибирањето на даноците не сме го направиле како што треба, имаме една огромна евазија во овој дел, уште имаме цели населени места и градови кои воопшто не плаќаат даноци на државата, а нашите органи кои што се задолжени за таа работа воопшто не можат ни да влезат таму, да видат каква е ситуацијата таму и што се прави. Или имаме цели градови и села кои со 0% или со 5% плаќаат електрична енергија, а не можеме да ги спроведеме тие закони за плаќање на сметките и за други комунални услуги. Ние сега сакаме да воведеме ред во сферата на пушењето, односно да се приближиме кон европското законодавство и да ги следиме земјите на Европа, како што тргнаа и нашите соседи на пример Бугарија, Црна Гора, Словенија и тн., дури од Балканскиот полуостров, но ние забораваме дека тие држави веќе со години функционираат правно и си ги спроведуваат законите кои ги донесуваат во Парламентот. Таму нема шанса некој закон што е донесен да не се спроведува. Значи за да пристапиме кон донесување на вакви суптилни закони кои може да се каже дека веќе се закони кои се од сферата на здравјето и разни други области од секојдневниот живот на граѓаните, прво мораме да ги спроведеме законите кои се од круцијално значење за функционирањето на државата. Уште тоа не сме го направиле, а сега на некој начин сакаме да навлеземе во другата сфера на живеење.

Затоа, сметам дека не постојат услови за спроведување на овој закон и дека ќе направиме уште проблеми во Република Македонија. Подобро да имаме едно одлагање од 6 месеци за да се прилагодат останатите предуслови кои ќе влијаат во моментот кога ќе треба да стапи во сила законот навистина да стапи на сила и да се

спроведе, а не да биде само закон на хартија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Станковска, повелете, имате 3 минути реплика.

**Славица Станковска:** Ќе реплицирам само во еден дел на колегата. Тој се залага и во оваа сфера да имаме законска регулатива која ќе го регулира тоа. Колега, ние имаме регулатива, само нашиот однос не дозволува Законот да профункционира.

Во своето излагање рековте дека ќе направиме проблем на државата, затоа што имаме проблеми со спроведување, односно имплементација на законите, а што вие како член на овој највисок законодавен дом мислите дека е најдобро. Дали според вас е добро воопшто и да не донесуваме закони, заради тоа што имаме проблеми со имплементацијата?

Колегата се залага за решавање на други сфери на живеењето, а јас велам дека секоја сфера и секој дел од општественото живеење, кој го интригира нашиот граѓанин, треба да се регулира, посебно спомнувајќи ја тука Европската Унија и земјите од Европската Унија, уште повеќе сега кога сакаме да станеме земја кандидат за членство во Европската Унија, кога знаеме и очекуваме одговор од Европската Унија во однос на нашиот Прашалник, кога сме под постојан мониторинг на она што се предлага и се случува во државата уште помалку треба да бидеме несериозни и да дозволуваме вакви работи да ни се случуваат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика, госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам, претседателе. Мојата реплика ќе биде во форма на дообјаснување.

Господине Стаменков, вие кажавте дека не сме решиле многу поважни работи во државата. Секако, не сме решиле многу поважни работи во државата и дека сега со овие предлози за измени на законот се решавале. Не е точно, постои законот против пушењето од 1995 година, кој што требало да се применува, а не примената на законот да биде друга работа. Значи постои закон, а ова беа измени и дополнувања на Законот против пушењето. Оваа проблематика исто така е регулирана во Законот за безбедност на храната, Законот за трговија, Законот за акцизи, односно повеќето закони за акцизите и трговијата, каде што е регулирано и забраната на продажба на тутун и производи на тутун на деца помали од 18 години, каде што е регулиран и составот и декларирањето дека на производот треба да биде јасно истакнато дека пушењето е штетно по здравјето. Сите тие работи се регулирани во законот, меѓутоа, има контрадикторности во одредени законски решенија каде што со едниот закон се забранува рекламирање и спонзорирање, со измените на законот, а додека во други закони како во Законот за безбедност на храната рекламирањето е дозволено во член 35 и дозволено е на местото на продажба. Кој закон би се применувал? Прашувам. Кој закон е применлив во таква ситуација. И за спонзорирањето, еве, мојот став за рекламирањето е радикален, би забранила секакво рекламирање на цигарите. Тоа ќе го кажеме во идниот предлог на закон. Меѓутоа, делот на спонзирањето каде што не се рекламира тутунскиот производ, напротив, се спонзорираат културни и спортски манифестации, не верувам дека има еден пратеник во Собранието кој е против спонзорирање на тутунски производители, било домашни или странски, на било која културна или спортска манифестација во државата. Ова е мојата реплика за дообјаснување.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Најдовски, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Се пријави госпоѓа Станковска, јас мислев дека сум последен како предлагач, но добро, ќе земам збор.

**Љупчо Јордановски:** Вие можете да се откажете.

(Реакција од пратеник).

Помина времето, господине Стаменков. Ако вие не следите, јас не можам тука ништо да направам.

Повелете господине Најдовски, земете збор ако сакате, и за контра реплика повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, не сакам да ви кажам, но не очекував дека овој закон ќе предизвика толку дискусии и некои од колегите можеби во жарот бранејќи некои свои ставови, директно или индиректно, сакаа нешто да проговорат и народски да речам да прилепат нешто на предлагачите. За разлика од вас, јас директно ќе зборувам и ќе одиме по ред.

Прво, се постави прашањето, госпоѓица Грковска го постави, дека пред две недели овој закон не бил прифатен, па сега како ќе го сменат пратениците мислењето. Пред две недели беше предложен сосема друг закон. Тогаш беше предложен закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, закон за кој што и ден денес тврдам дека - се разбира, прифаќам и други размислувања да разговараме - закон кој што на најисправен начин ги регулира тие прашања и закон кој што можам да ви кажам, за разлика од постојниот закон што дозволува различни толкувања и волонтаризам, е построг од ова што вие го предлагате, но закон кој што регулира на исправен начин.

Сега ќе одиме по ред. Госпоѓа Станковска вели што ако и по седум месеци овој закон остане, дали тогаш ќе ги забраните трките на Формула 1. Госпоѓа Станковска, е во тоа се разликуваме. На 31.12. оваа година Формула 1 од тој ден веќе нема да може да користи реклами да рекламира тутунска индустирија. Затоа ве прашувам дали вие од 1 јуни ќе ги забраните трките на телевизија, затоа што индиректно ќе рекламира тутунска индустрија, но нема да ја рекламираат нашата индустрија, кога пред неколку дена почнаа да се произведуваат "Драва" и "МТ" да се

произведуваат. Затоа ве прашував јас, дека не може да се примени законот.

Втора работа: Зборувате дека вие сте го ограничиле рекламирањето со претходниот закон, односно сте го забраниле. Јас можам да ви кажам дека затоа предлагаме измени, затоа го предлагавме пред две недели и Законот кој што беше за ограничување на потрошувачка на тутунски производи. Децидно да се каже каде и што се подразбира под рекламирање. Еве, само како пример ќе ви кажам за организирањето на саеми во цел свет, имате организирање на саеми за тутунски производи, за машини на тутунски производи и др. Во цел свет тоа го има. Во Законот кој што вие го имате предложено во Република Македонија, односно ако стапи во сила законот, во Република Македонија веќе нема да може од 1 јуни да се одржува саем.

Второ, ако стапи во сила законот ваков, кој што е неприменлив, на местата каде што се продаваат цигарите во самопослуга наједноставно да речеме, во бакалница цигарите не смеат да бидат изложени бидејќи и тоа е реклама. Стои овде. Па како ќе ги продаваат тогаќ? Ќе ги вадат од најлонче да ги продаваат или во бела кутија ќе ги продаваат?

Сакам да ви кажам затоа треба да ги одредиме и затоа во оној што го предлагавме предвидовме четири можни начини што не претставуваат рекламирање, но мора да се наведат. Тоа е во објекти каде што се произведуваат цигарите. Еве, го имате Тутунски комбинат во Прилеп, госпоѓица Славица, до вас седи Гешоски, ќе ги извадите ли таблите на Тутунски комбинат, каде што се влегува во зградата? Мора да има напишано, да знаат луѓето каде се наоѓа,да влезе, дека тука се наоѓа Титински комбинат Прилеп.

Ако стапи на сила законот од 1 јуни, не можат да напишат дека тука се наоѓа Тутунски комбинат. Тоа сакам да ви го кажам.

(добрлање од место)

Како не е точно, видете го ова што е, ако стапи на сила. Затоа предлагаме, во објекти каде што се произведуваат да стои, потоа на саеми, на места каде што продаваат цигарите, рекламирањето може да биде и презентација на добиени награди. Се друго е забрането. Тоа е точно дефинирано, ако се прифатеше оној закон што го имавме ние предложен пред две недели.

Понатаму, госпоѓа Станковска вели, зошто го предлагате последниот месе? Госпоѓа Станковска не сакам од оваа говорница, но вие знаете уште од јануари се работеше на оној закон што пред две недели не го усвоивме. Лично сте запознаени. Ваше е право што не го подржувате. Тоа воопшто не го оспорувам. Но, лично сте запознаени дека таков закон пред локални избори се работеше. Но, ваше право е, потполно го почитувам, го застапувате ставот по Законот што го донесе Парламентот по ваш предлог и до крај да го застапувате. Тоа воопшто не го порекнувам.

Но, ние, законот, уште пред локалните избори, знаете некаде во месец јануари го работевме за ограничување на потрошувачка на тутунски производи. Тој закон беше предложен овде. И сега нашата основна цел не ни е овој Закон да не се применува. Напротив, основната цел ни е да се обидеме во овие 6-7 месеци да донесеме применлив закон, заради тоа што ваков каков што е, велам, не може да се примени. Еднаш, во воведното излагање напомнав. Ние сме, дури, построги од вас, затоа што кажав како пример дека во ресторан со 50 маси ако една одреди некој дека е за непушачи, го задоволил условот што е според законот што стапува на сила. Ние предлагавме најмалку 50% од просторијата да биде за непушачи па да видиме кој повеќе се грижи за здравјето на непушачите со законските решенија.

Следно ,за она што велам дека задскриено сакате да проговорите, отворено да проговоримме. Кои се мотивите што сме го предложиле овој закон и дали зад ова се кријат тутунските концерни, како што рече госпоѓица Грковска. Е, госпоѓице Грковска,ќе ви клажам за себе лично, Законот се донесе 1995 година. Денеска се погрижив, јас и тогаш бев пратеник, еве ги стенографските белешки, 1995 година Слободан Најдовски беше против овој закон. Има дискусија во која што јавно кажав дека сум против тој Закон, 1995 година. Следниот Закон се донесе 2003 година. И тогаш Слободан Најдовски дискутираше и беше против тој закон. Ако мислите на концерни и не знам кои, од 1995 година кога јас бев против, до сега се сменија неколку сопственици.

Сакам да ви кажам дека вашето индиректно имплицирање и за мотивите и на госпоѓа Станковска не држат, бодејќи ова го кажав јас уште 1995 година. Бев против.

Одиме понатаму. Госпоѓа Станковска вели дека со Предлогот за измени на Законот ние го одложуваме, уште еднаш ќе повторам Законот од 1995 година. Прифаќам, вие не сте правник, јас не сум правник. Но, јас се консултирав со правници кои ја знаат оваа проблематика од Собранието на Република Македонија. Ние го менуваме само Законот што е донесен 2003 година. Менуваме член од Законот за изменување и дополнување на Законот што вие го имате донесено.

Со Законот што вие го донесовте, не го поништивте Законот од 1995 година. Тој Закон од 1995 година, сеуште е на сила и се применува и треба да се применува. Јас почитувам тој да се применува. Тоа не го оспоруваме. Така што вие велите дека субјектите сега се подготвувале. Па требале од 1995 година да го спроведуваат. Тие одредби од законите тешко се спроведуваат, а камо ли ова сега, со измените и дополнувањата.

И, да разјасниме, уште еднаш, да завршиме, Законот за заштита од пушењето од 1995 година не го пролонгираме и тој важи. Според тој Закон наведени се објектите каде што е забрането пушењето и каде што треба да се определат соодветни места. Друго е прашањето што јас мислам дека таму не е добро решено. Но тој Закон важи. И, немојте заради јавноста да

кажуваме дека ние сме за одлагање на тој Закон.

Уште една констатација беше искажано дека заради високите казни сме за одлагање на овој закон.

Дами и господо,

Јас ќе ви кажам Законот што ние го предложивме претходно имаше многу повисоки казни отколку овие.

На крајот би сакал во овој дел да завршам, да разјасниме дека ние само бараме одлагање на Законот за измени и дополнување на Законот за заштита од пушењето, ние предлагаме период што согласно претходното Мислење на Владата за нашиот претходен Закон стоиме на располагање заеднички да изработиме закон што ќе биде применлив.

И на крајот, еве само ќе ви кажам, како пример да завршиме со тоа дека повеќе сме од оние што наводно не обвинуваат дека сме биле против примената. Во Законот за заштита на ограничување на потрошувачката на производи меѓу другото го имавме регулирано прашањето за употребата на тутунот за орална употреба и тутунот за џвакање. Сега, може ли во сите ресторани, кафеани, секаде каде што овој закон ќе се спроведе, да се џвака тутун. Ајде, така да не размислувам, нели го стимулирате џвакањето на тутун отколку пушењето? Можам и така да размислувам заради тоа што не е тоа регулирано.

Затоа предлагавме закон и затоа уште еднаш да седнеме да предложиме закон што ќе биде применлив. Верувајте, закон што нуди многу попрецизни решенија од овие што се нудат сега.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Станковска, се пријавивте за збор или за реплика?

За збор.

Тогаш госпоѓа Грковска има реплика три минути.

**Славица Грковска:** Господине Најдовски не сме се разбрале. Да потенцирам, не тврдев јас дека вие се залагате за одложување на казните. Но, напротив, јас реков дека со предлагањето на ваквата измена, дека неминовно ќе се одложи примената на измените на Законот во кој што се предвидуваат многу повисоки казни за непочитување на законот. Тоа е неминовно, со оглед на вашиот предлог што го имате дадено.

И, уште еден краток коментар, ниту еден член од законот што ние го предлагавме, ние не го измисливме, туку напротив, сите предлози што ги дадовме тогаш се преземени од европските.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Еве, само на кратко.

Гледајќи ги казните што беа предложни со изменувањето на Законот што вие го предложивте, во член 9 од 100 илјади до 250 илјади. Ако се примени постојното од 1995 година, паричната казна е од 50 до 60 плати во Република Македонија. Ајде сега пресметајте која казна е построга? Значи вие сте предложиле поблаги казни.

Затоа велам, да не се надмудруваме повеќе, туку да седнеме, да направиме закон што е применлив.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Станковска имате збор.

**Славица Станковска** Благодарам претседателе.

Само кратко, на почетокот ќе се осврнам на она што колегата го кажа. Колегата рече дека консултирал правници во Собранието. За негова информација јас ќе речам дека јас консултирав правници, ги консултирав и инспекциските служби. Тие рекоа дека доколку го пролонгираме рокот за примена на Законот за заштита од пушење дека ќе има еден вакум и не можат да се применуваат одредбите што се донесени со Законот за заштита од пушењето донесен 1995 година.

Колегата рече дека јас сум информирана за изготвување на ова законско решение што пред две недели Парламентот го отфрли. Владата даде негативно мислење. Точно е тоа, но за волја на вистината колега тоа не беше во јануари, туку тоа беше во апри. Бидете доблесни и кажете на пратениците така како што беше.

Тука беа искажани многу дезинформации околу именување на фирми што се тутунопроизводители. Прочитајте го Законот, многу убаво кажува дека не ограничува право ни одржување на саеми, ниту означување или именување на фирми што се занимаваат со тутунопроизводство.

Колегата рече дека имале извонредно законско решение, со многу добри законски одредби, но не ми е јасно како такво одлично решение, во согласност со законодавството на Европската унија не доби позитивна оценка од Владата на Република Македонија и не беше прифатена од овој Парламент.

Јас намерно во моето излагање потенцирав дека не сакам да мислам, но мошне очигледно е дека ова одлагање штити нечии интереси. Не сакам воопшто ни да помислам дека предлагачите имаат некој сопствен интерес, но очигледно, со пролонгирање на овој закон се штитат нечии интереси. Можам да претпоставам, но не сакам да шпекулирам.

Хипотетички би ги прашала предлагачите, поради тоа што тие се залагаат, односно јас се залагам за спонзорирање на разни манифестации и тоа значаен дел од нашето општествено живеење. Мошне значаен. Ги поддржувам сите тие такви. Но, ако сите знаеме, реков хипотетички, ако сите знаеме колку е вносен бизнисот со дрога, а сигурно и тие кои го работат тоа би биле можеби уште подобри спонзори, дали треба ние да ја легализираме дрогата?

Затоа колеги, мислам не сакам да продавате дезинформации дека со ваши законски решенија

имавме многу поголеми казни, дека вие сте противници на ова или она. Јас прифаќам да подготвиме еден закон што ќе биде уште подобар и секогаш ќе подготвуваме уште пдобри закони. Но, дозволете Законот да заживее, а сите аномалии и негативни работи со тек на времето што следи заеднички или моежете вие или било кој да предлагаме на парламентарците да ги усвојуваме. Со пролонгирање ништо не решаваме, само покажуваме дека очигледно не смме зрели да практицираме правна држава. А, за жал, ако некои други субјекти се виновни, мислам дека ние како Парламент носиме уште поголема вина, заради тоа што ние сме дел од државата што ги носи законите во Република Македонија .

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски,

Ќе ви бидат три минути доволни за реплика или земате збор?

Повелете, имате три минути.

**Слободан Најдовски:** Мислам дека ќе бидат доволни претседателе, сакате како реплика, сакате како дискусија.

После дискусијата на госпоѓа Станковска немам намера повторно и би рекол, не знам кој збор да го употребам, поврзувањето на дрогата и цигарите, госпоѓо Станковска изгледа не можеме да се разбереме за што зборуваме.

Се обидувам да ви објаснам, а со оглед на тоа што рековте као не сме успеале Владата да ја убедиме во тоа толку квалитетно решение од пред две недели, прочитајте го Мислењето на Владата зошто тогаш е одбиен зкаонот. Одбиен е заради тоа што со Предлогот за донесување на закон за тутун и тутунски производи, што наскоро ќе биде во владина а потоа и во собраниска процедура, да не ви читам понатаму, ќе се расправа за она што ние го предлагавме. Тоа значи не дала негативно мислење, туку побарале, кога ќе се изработува тој закон, заеднички да го изработиме.

Но, за вашите размислувања и фантазии јас не можам ништо повеќе да одговорам, ниту сакам да одговорам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Станковска имате една минута контрареплика.

**Славица Станковска:** Јас реков хипотетички за дрогата. Очигледно колегата не ме слушнал добро.

Но, и зависност од дрогата и зависност од пушењето е зависност. Со таа разлика што пушењето е психолошка, додека зависност од дрогата е физиолошка зависност.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

(пратеникот Стојаноски бара збор)

Повелете господине Стојаноски.

Да ви кажам, во иднина, ова овде не е ставено туку така. (покажува на видео-бимот). Јас, ако не видам, веднаш ќе го заклучам претресот и нема повеќе да прашувам дали некој бара збор, бидејќи овде веќе се гледа дали има или нема некој пријавен за збор. Во иднина, веднаш заклучувам претрес ако нема овде пријавени.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине претседателе,

Јас ќе бидам многу краток. Генерално, сум лично против воопшто да се донесе ваков закон, затоа што приоритет на Република Македонија е почитување на законите кои се веќе донесени и се однесуваат на битни државни интереси, интереси на граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи се бара негово одложување, тоа значи дека сепак подобро е подоцна или да се остави време да влезе во сила, односно да почне да се применува, отколку да се применува за толку краток временски период.

Јас, сепак сметам дека овој Предлог закон што е поднесен од колегите нема да има толкаво влијание врз состојбите во владеачката коалиција, затоа што гледаме дека има остро спротивставување помеѓу СДСМ и ЛДП по однос на ова праање. Се надевам дека ќе се најде начин да се надминат овие разлики во решенијата што се предложени со овој закон, а сето тоа во интерес на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сакате реплика госпоѓо Ивановска?

Повелете, имате три минути.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Балже Стојаноски,

Јас мислев дека со оваа расправа по Законот успеавме да ги кажеме аргументите за, а другите колеги против. А вие, немојте да се секирате за ЛДП и за СДСМ. Времето на едноумието одамна помина за сите да мислат едно.

Сите ние овде сме пратеници во Собранието и ова е парламентарна демократија каде што пратениците ги застапуваат своите ставови и ставовите на политичките партии што ги предложиле, а граѓаните ги избрале.

Така што вашата забелешка во тој контекст ја сметам за ваш невкус.

Секако, вие кажавте дека ние се залагаме за непримена на закони. Тоа е апсолутно неточно и ги навредува моите основни принципи на однесување како политичар и пратеник. Ние се залагаме за владеење на правото во Република Македонија. Меѓутоа, исто така, како пратеници ќе предлагаме закони што ги решаваат работите и ќе го направат законот применлив. Затоа го предлагавме и предходниот и овој закон, и најавуваме предлагање на закон. Доколку Владата не ги донесе овие закони што ги најави во мислењето за претходниот Закон, тогаш ние ќе предложиме, пратениците од пратеничката група на ЛДП ќе предложиме измена на законите што се контрадикторни и повторно ќе го актуелизираме Законот за ограничување на тутунски производи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски, успеавте да изнудите додатни дискусии.

Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Не ми беше тоа целта господине претседателе.

Целта ми беше да укажам на една работа што постојано се повторува,а тоа за работи што значат одлагање на примена на еден закон се појавуваат долги дискусии а некои многу битни прашања што се третираат во овој Парламент остануваат незабележани  во однос на дискутирањето по нив.

Мегутоа кога се работи за репликата од колешката јас морам да напоменам дека декларативното залагање дека некој не сака едноумие, треба да се полаже на дело.Јас би бил срекен кога Вие, како колешка на госпогата Лилјана Поповска ке излезете и јавно ќе кажете дека таа има право на свое мислење,независно од тоа што припаѓа на иста политичка партија, што значи кога зборузме за едноумие тоа треба да се види и преку праксата.Затоа всушност таа беше разрешена од потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Толку, немем повеке време.

**Љупчо Јорановски:** Госпоѓице Грковска имате три минути за реплика, повелете.

**Славица Грковска:** Трагично е што некој кој  од почеток на мандатото е пратеник, а сеуште не ја сфатил основната функција на пратеникот и неговата улога.Затоа мислам ваквиот примитивизам не заслужува дополнителен коментар.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господине Стијаноски.

**Блаже Стојаноски:** Колешке Грковска јас  ќе ја сфатам во оној момент кога вие ќе изгласате закон за кој што Владата има дадено негативно мислење.До сега во овој Парламент се нема тоа случено.

Функцијата на Парламентот е да ја контролира, да ја избира Владата, а досега имавме прилики кога премиер на една Влада во ова Собрание кажуваше кои бои на копчиња да се стегаат од страна на владеачкото мнозинство. Јас тоа го сметам за девалвација на парламентот и затоа го кажав тоа што го кажав.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Грковска имате збор. Нема да ви дозволам ако реплицирате сега.

**Славица Грковска:** Сакам процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Да видиме со што е прекршена процедурата.

Господинот Стојаноски направи контра реплика на вашата реплика. А начинот на кој што ја направи, тоа е негов избор. И вие избавте како да му реплицирате.

**Славица Грковска:** Нема право пратеникот да искажува невистина. Ние сме изгласале закон во Собранието во кој што Владата дала негативно мислење. Меѓутоа, тој и неговата пратеничка група ја напушти салата.

**Љупчо Јордановски:** Тоа јавноста го знае и јас затоа и вчера реков многу ми е жал, односно пријатно ми е што ми дозволија да видам како десната страна е празна, а левата е полна, бидејќи во илјада други случаи обратно било. И тоа го знаете.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам пртересот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да пристапиме кон гласањето.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи во салата сега се присутни 61 пратеник, на Собранието му предлагам да го усвои следнит заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето.

Ве пивикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 42 гласале за, 5 се воздржале, 8 гласале против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 43 гласале за, 4 се воздржале и 7 гласале против.

Во саслата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 43 гласале за, 5 се воздржале и 7 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за заштита од пуштењето.

**Минуваме на точката 34 - Барање за давање на автентично толкување на член 1, а во врска со одредбите на член 11, став 6 и член 44 од Законот за акцизите, поднесено од пратеникот Славица Станковска.**

Барањето и извештајот на Законодавно правната комисија Ви се доставени.

Ве молам не излегувајте бидејќи треба да се гласа.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 1, во врска со одредбите на член 11 став 6 и член 44 од Законот за акцизите, поднесено од пратеникот Славица Станковска, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причите содржани во Извештајот на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до пратеникот Славица Станковска.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 48 гласале за заклучокот, 4 воздржани, нема против.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Гласањето го поништувам, бидејќи се присутни 58 пратеника.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега во салата се присутни 61 пратеник.

Повторно ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 53 гласале за, 1 се воздржал, 2 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 35 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.**

Господине Краљевски, повелете.

**Чедомир Краљевски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Со оглед на тоа што двете точки кои се следни, односно законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика и законот за изменување и дополнување на Законот за водите се тесно поврзани со најавената продажба на ЕСМ и барам половина час пауза, пратеничката група на ВМРО-Народна партија да се координира и да заземе став по овие два закона.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 17,05 минути.

(Пауза од 16,35 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,05 часот).

**Слободан Најдовски: Минуваме на точка 35- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.**

Отворам претрес.

Има збор минситерот за економија, господинот Фатмир Бесими.

Повелете господине Бесими.

**Фатмир Бесими:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Основниот предизвик на земјите кои се претенденти да се вклучат во интеграционите процеси во регионот и меѓународните интеграциони процеси кои за нас се значајни, како тие на Европската унија, се соочуваат со основниот предизвик да ги прифатат и да ги реализираат рефомрите. Самата реализација на реформите значи временски аспект и димензија на нивно реализирање во областите кои ние ги насочуваме како значајни за нашиот економски и општествен развој.

Процесот на реформите опфаќа неколку компненти, како што се институционалните, законодавните и индустриските односно тоа што се викаат пазарни аспекти.

И во секторот на енергетиката, Република Македонија во овој период ги прави реформите кои сами по себе значат процес кој се случува во континуитет.

Само кратко потсетување за кои активности станува збор. Во оваа област тоа се:

Од аспект на институционалните аспекти кои се направени во енергетиката се основањето на Регулаторната комисија за енергетика во Република Македонија, која како независна институција од извршната власт, претставува еден гарант за регулирање на овој пазар на соодветен начин.

Понатаму, исто така во континуитет на ова претставуваше и преструктуирањето на ЕСМ каде, согласно Европската Унија директивите односно генералните принципи се направи и основната поделба на дејностите, на тоа што значи природен монопол, од другата индустрија поделба на преносот на електрична енергија од производство и дистрибуција. На сличен начин продолжуваме и со дезејнирање на енергетскиот сектор, со овие измени кои се предложени денес со овој закон за измена и дополнување на Законот за енергетика каде се опфаќа секторот за електрична енергија и секторот за природен гас. Исто така се дефинираат дејностите, се регулира пазарот односно се регулираат и играчите на овој сектор.

Понатаму во овој процес, продолжуваме со дефинирање модел на пазар на електрична енергија. Тоа се случуваше уште во текот на 2004 година и како основни принципи беше поставено рационално искористување на постојната инфраструктура и систем, понатаму се имаше предвид и опкружувањето во кое се наоѓа нашиот систем, како и почитување на пазарните односи. Такви пазарни односи се посебно од аспект на искористување на енергетските ресурси и тоа се: унапредување на користењето на потрошувачите, односно универзалната корист на потрошувачите на енергенсите. Понатаму во оваа област се

дефинира тоа што значат јавните услуги во енергетскиот сектор. Нареден принцип, исто така се почитува покривањето на трошоците во производство на енергенсите и дистрибуција на енергенсите. На крај, како значаен принцип е усогласеноста со директивите на ЕУ и воедно обезбедување на одржлив развој на самиот сектор. Со тоа се обезбедуваат основните начела на кои треба да се реформира односно редизејнира енергетскиот сектор во Република Македонија, согласно европскиот пазар односно директивите на ЕУ и тоа што значи интеграциони процеси во енергетскиот сектор во регионот.

Зошто одиме со измените во законот. Тоа е еден од аспектите на нашата конзистентна политика на редефинирање односно редезејнирање на енергетскиот сектор кој започнува уште со попишувањето на Договорт за енергетска повелба уште 1996 година. Понатаму самите директиви на ЕУ од 2003 година, за природен гас и за електрична енергија, потоа потпишувањето на меморандумите за регионален пазар на електрична енергија и природен гас и нивно приклучување кон внатрешниот пазар на Европската Унија, 2002 и 2003 година, односно таканаречените Атински меморандуми за енергетски пазар и сега последното што не очекува во текот на 2005 година, тоа е потпишувањето на договорот за основање на енергетска заедница на Југоисточна Европа што веќе е усогласен текст и парафиран во Брисел и се очекува вопрвата половина од оваа година да биде потпишана и самата спогодба односно да се основа енергетската заедница во Југоисточна европа.

Со тоа и со измените кои се предложени денес на Собранието, ние сме во чекор со интеграционите процеси во регионот. Имаме прилика да бидеме во чекор со процесите односно да бидеме во предност во искористување на сите предности, да се биде дел од еден поширок пазар.

Се поставува едно основно прашање зошто одиме на овие процеси и зошто е значајно да се прифатат овие измени, затоа што сме пред предизвикот, дали при не дефинирање на одредени процеси и дефинирање на одредени сектори во нашето општество, дали ние ќе гледаме статички на тие аспекти или ќе гледаме динамички. Дефинитивно одговорот е да гледаме динамички напред, а тоа е многу јасна дефинирана патека, патеката на Европската Унија, што значи дека таа дефинирана патека е формирање на регионални пазари, енргетски пазари каде што нашиот пазар е со усогласена легислатива и отвореност. Воедно и со создавање на компатибилен енергетски пазар, ние ќе бидеме дел од поширокиот енергетски пазар кој значи отвореност на пазарот, либерализација во одреден дел и регулирање, таму каде што станува збор за природен монопол.

На крај да ги потенцирам суштинските аспекти со кои се прават овие измени.

Значи, на постојниот Закон за енергетика се додаваат две компненти односно се регулира пазарот на електрична енергија и пазарот за природен гас. Тука согласно Европската Унија директивите се прави јасна дефиниција односно дефинирање на дејностите кои се вршат во овие два пазари, што значи дека ќе се регулира делот за кризен монопол односно пренос на енергенсите, ќе се обезбеди транспарента легислатива, ќе се обезбеди недискриминаторно користење на јавните добра и ќе се обезбеди либерализација и конкуренција на делот каде што самата индустрија дозволува тоа на нај ефикасен начин да се обезбеди, да се обезбедат економски цени од една страна, а од друга страна што е уште повеќе значајно и за индустријата и за нашите домаќинства сигурност за снабдување со енергенси во нашиот систем.

На крај, тоа што сакам уште еднаш да потенцирам е дека со овие измени на Законот се регулира пазарот, додека ни преостануваат и други значајни аспекти кои треба да се вклучат, нормално со новиот закон за енергетика, а тоа ќе бидат и другите аспекти кои не се опфатени сега со регулирање на пазарите кои се составен дел на овие измени на законот.

Благодарам на вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господинот Караџоски има процедурално.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе, во името на Пратеничката гупа барам да ни бидат поделени стенографските белешки од излагањето на министерот, не бармам пауза, затоа што сметам дека тоа излагање што сега министерот го кажа и она што ни е дадено овде како образложение, не е едно исто. Мислам дека министерот сега кажа некои нови моменти и би сакале сето тоа да го имаме во вид кога сакаме да отвориме расправа. Од тие причини, расправата нека продолжи, а во текот на неа да ни бидат поделени стенографските белешки.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски јас ќе замолам, ако може во текот на денешната седница, до крајот на седницата, ако не наредните денови, во понеделник по пошта да им се испрати на пратениците. Ќе може, не е проблем.

Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Весна Борозан.

**Весна Борозан:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници,

Тешко е да се земе збор веднаш после министерот, меѓутоа, за разлика од него кој настапи од аспект на стратешките определби на Министерството за економија, во оваа област, ќе ми дозволите да ја употребам пратеничката говорница и да дадам свое мислење и свој поглед на предложениот закон кој го сметам за многу значаен, за Секторот кој го регулира, од аспект на група стручњаци кои ја следат изработката и

поставувањето на овој закон од самиот почеток.

Имено, постои Здружение на електроенергетичари во Македонија што е дел од едно меѓународно здружение на електроенергетичари и во рамките на ова Здружение постои Комитет за законска регулатива кој, проблематиката на уредувањето на пазарот со електрична енергија, го следи уште од 2002 година, значи од самото основање на тој Комитет. Притоа, по разни фази од подготовка на реформите во електроенергетскиот сектор, групата се состанува, организира семинари за јавноста и во таа прилика ги искажува своите мислења.

Од самиот почеток на подготовката на овој закон, мислам дека има повеќе од година дена, таа група го има разгледано повеќе пати овој закон и сакам да кажам што го одликува македонското решение на пазарот за електрична енергија и нормално ќе дадам свој поглед и на пазарот за природен гас, од сличните закони во регионот и во Европа.

Законот е изработен и во своја смисла одобрен од Здружението, од групата на експерти електроенергетичари во Република Македонија, кои го следат овој процес, да се заснова на следниве принципи:

Првиот принцип е заштита на потрошувачите, сигурно снабдување при разумна цена.

Вториот принцип е зачувување на постојните капацитети во земјата, пред се се мисли на капацитетите за производство.

Третиот принцип е формирање на цените според трошоците на оделни учесници на пазарот. Понатаму подразбира обезбедување услови за одржлив развој на електроенергетскиот систем во државата, елиминирање на субвенциите, справување со влијанијата врз човековите ресурси и последно, но не и најмалку важно, усогласување со директивите на Европската унија и Атинскиот меморандум за разбирање.

Сакам да поминам по секои од овие принципи и да дадам свое видување зошто се токму тие принципи усвоени во сегашното законско решение.

Првиот и најважен принцип е заштита на потрошувачите.

Законското решение кое е пред нас, обезбедува заштита на потрошувачите и обезбедува нивно сигурно снабдување, при најниски можни цени во државата. Притоа, уште пред да образложам, јасно и гласно ќе го кажам своето мислење.

Многу пати беше повторувано и дискутирано на таа тема во државата дека цената на електричната енергија во државата ќе поскапи. Да, цената на електричната енергија најверователно ќе поскапи, меѓутоа нема да поскапи толку колку што би поскапела ако се воведе потполно либерализиран пазар, без сите претходни механизми кои се воведени. Ја споменувам тука Регулаторната комисија, операторот на преносниот систем и ова законско решение кое денес е пред нас. Како се објаснува тоа? Имено како е пристапено кон заштита на интересот на потрошувачите во државата? Тоа е направено, пред се со усвојување на едно, од стручњаците оценето конзервативно решение, или наречено претпазливо решение за отварање, за либерализација на пазарот. Решението се состои во тоа да се ограничи правото на производителите на електрична енергија, мислам на неговиот регулиран дел, на сегашното производство кое припаѓа на ЕСМ, да ја продава целата произведена електрична енергија, исклучиво на претпријатието МЕПСО кое е независен оператор на системот и кое останува, со нашата законск аодлука тука, во државна сопственост.

Понатаму, МЕПСО од позицијата  оператор на системот и од позицијата на функцијата која му се доделува со овој закон како снабдувач на тарифните потрошувачи со електрична енергија на големо, должен е да ја согледаат разликата помеѓу можното производство на капацитетите на ЕСМ, во земјава и потребната разлика, бидејки во Македонија се работи за постојан недостаток односно кусок на потребна енергија, за жал. МЕПСО е должен, по пат на тендер, значи со јавно објавување на најтранспарентен начин, да набави остатокот од потребната енергија, од земјата, бидејки од земјата тоа во моментот не е можно, се додека не се појават првите независни производители на електрична енергија, или од странство. Притоа, предност не се дава, во тој случај, дали независниот производител е од земјата или од странство, а основниот принцип е набавената електрична енергија да биде по најниска можна цена. На тој начин се обезбедува цената на електричната енергија која се понудува на тарифните потрошувачи, тоа се потрошувачите кои се должни да купуваат електрична енергија по тарифа, значи не се ослободени да можат сами да избираат свој снабдувач на електрична енергија. На тој начин се постигнува таа цена да биде мешавина од цената на производството на електрична енергија во земјава, сегашното Електростопанство и најниската можна цена на електрична енергија, од увоз, која ќе ја обезбеди МЕПСО.

Понатаму, оваа заштита се постигнува и со тоа што на дистрибуцијата не и е дозволено да биде квалификуван потрошувач односно не може сама да си го одбере снабдувачот со електрична еднергија од каде ќе купува, туку дистрибуцијата во земјата е задолжена да откупи електрична енергија од МЕПСО, од снабдувачот со електрична енергија на големо.

На тој начин се постигнува една тврда регулаторна рамка во овој поглед која во голема мера го ограничува бизнисот на Електростопанството на Македонија како производител и како дистрибутивно претпријатие, меѓутоа, обезбедува заштита на потрошувачите во смисла на сигурно снабдување, континуирано снабдување со електрична енергија по најниски можни цени. За тоа е одговорно МЕПСО,

државното претпријатие кое е независен оператор на преносниот систем.

Вториот принцип кој веќе го спомнав е зачувување на постојните капацитети за производство на електрична енергија од земјава. Имено, зошто е усвоен овој принцип. Како принцип многу ретко се усвојува во законите на државите каде постои вишок на производство на електрична енергија, каде што има исцрпни извори на енергенси во државата и каде усогласувањето со барањата на европските директиви природно води кон обезбедување на конкуренција.

За жал Македонија е енергетски сиромашна иако ние по некоја инерција настојуваме, сакаме да мислиме дека сме богати во се, па и во енергијата и од постојните капацитети кои се расположиви во земјата наскоро се исцрпувпа капацитетот на постојниот рудник за РЕК "Битола" тоа е лигнит, имено капацитетите на овој рудник се веројатно за уште 6-7 години и потребно е да се отвори нов рудник од чија експлоатација не само што бара дополнителна инвестиција, туку и самата експлоатација, самото производство на тој рудник ќе биде за нијанса поскапа од сегашната. Не поскапо од производството на цената на електрична енергија на регионалниот пазар, меѓутоа, сепак ќе биде поскапо од постојната цена. Што значи инвестицијата во овој рудник од аспект на регионално планирање е проблематична во поглед на неговата економичност.

Зошто е воведен принципот за зачувување на постојните капацитети? Токму заради обезбедување на отварањето на Рудникот Брод-Неотино. Имено, со одредбата дека целата произведена електрична енергија во рамките на денешното Електростопанството на Македонија, денешните капацитети мора да биде откупена од МЕПСО и трошоците на ваквото производство да бидат признаени, фактички се постигнува сигурно, безбедно отварање на Рудникот Брод-Неотино без разлика на цената на производството од него кој ќе обезбеди зачувување на работните места за околу 2.500 вработени во РЕК "Битола". Истовремено отварањето на овој рудник ќе обезбеди за Република Македонија континуирано снабдување електрична енергија од домашни извори без да се води сметка за капацитетот на преносните водови за увоз и без да се води сметка за тоа дали минимум потребите во Македонија ќе бидат обезбедени од домашни услови или ќе зависат од состојбата, ситуацијата на регионалниот пазар.

Значи, оваа одредба е пред се во интерес на работните места, на одржливоста на работата на РЕК "Битола".

Понатаму, следниот принцип беше формирање на цената според трошоците на одделните учесници на пазарот. Овој принцип произлегува пред се барањето на директивите на Европската унија кои строго бараат да се одвои во формираната цена на електрична енергија и треба точно да се дефинира и точно да се знае колкав дел од таа цена отпаѓа на делот за производство, колкав дел отпаѓа на делот на пренос на енергијата, за дистрибуција, снабдување и останати услови.

Значи, не дозволува прелевање на средствата од една дејност во друга, односно не дозволува да launch речеме во производството да се работи лошо, недомаќински, меѓутоа, доброто работење на дистрибуцијата да ги покрива тие трошоци и тие загуби или спротивно. Значи, трошоците да се лоцираат и цената на тоа производство, пренос и дистрибуција да остане на своето место. Значи, точно да се знае во рамките на целиот систем кој работи домаќински, ефикасно, а кој не.

Понатаму принципот на одржување на одржлив развој се обезбедува со дозволувањето на простор на либерализиран пазар на енергија. Имено, овој дел за кој досега зборував, сегашното производство, пренос и дистрибуција од Електростопанството на Македонија остануваат со овој закон во т.н. регулиран дел од пазарот односно служат за обезбедување на потребите на т.н. тарифни потрошувачи. Тоа се потрошувачи пред се домаќинствата кои ќе бидат снабдувани со електрична енергија од МЕПСО односно од дистрибуцијата.

Либерализираниот дел од пазарот кој за прв пат се отвара со воведувањето на овој закон сега за сега во Република Македонија ги содржи само т.н. квалификувани потрошувачи. Тоа се потрошувачи на кои им се дозволува сами да го изберат својот снабдувач на електрична енергија. Законското решение е да бидат само потрошувачите врзани директно на преносната мрежа, такви се големите индустриски капацитети во земјата и потрошувачи кои трошат повеќе од 20 гигават часови електрична енергија годишно.

Зошто е тоа направено? Имено, често се манипулира со тоа дека големите индустриски капацитети имаат повластена цена на снабдување односно врзани се со некои долгорочни договори за снабдување со Електростопанството на Македонија, па секогаш се манипулира со тоа колку се тие договори праведни или неправедни. Новото законско решение овозможува, ги тера овие големи производствени капацитети задолжително да одат на пазарот и сами да се снаоѓаат да набават електрична енергија по онаа цена, по најниска цена која можат во договори со големите произведувачи на пазарот да се снабдат. Нормално, во рамките на законот, дозволено е, доколку овие потрошувачи не сакаат да излезат на пазар односно не се сметаат доволно комерцијално способни да обезбедат повони договори за себе, да останат тарифни, меѓутоа, веќе цената на снабдувањето на ваквите потрошувачи нема да ја одредува Владата или Електростопанството на Македонија во директни спогодби, туку ќе ја одредува Регулаторната комисија врз основа на дијаграмот на потрошувачка кој го имаат таквите потрошувачи. Имено, предност на овие потрошувачи е што тие работат континуирано со константна моќност и од

тој аспект се многу поволни за самиот конзум, меѓутоа, тоа не е проблематика која треба овде да се дискутира.

Одржливиот развој во рамките на либерализираниот пазар ќе се обезбеди со таа можност во делот на либерализираниот пазар да се појават независни производители на електрична енергија и тука, пред се, се очекува дека ќе паднат новата гасна електрана - топлана која со години наназад се планира во Скопје, понатаму, некои проекти како што се "Бошков мост", "Чебрен" итн., кои ослободени во либерализираниот пазар не ќе мораат да се натпреваруваат со многу поевтиното производство на електрична енергија од постојните капацитети РЕК "Битола" и хидроелектраните во земјата. На тој начин се овозможува законска рамка за обезбедување на влегување на инвестиции во државата од енергетски аспект. Имено, мислам дека сум кажала, но на оваа говорница сега ќе повторам, ниеден странски инвеститор нема да дојде без да биде обезбедена законска околина на која во светот се навикнати или која постои во Европа и без да му бидат гарантирани истите права да го продаваат своето производство како што е поставено во Европската унија.

Принципот на елиминирање на субвенциите е поврзан со принципот на одвојување на трошоците во различни фази од производство, пренос и дистрибуција нема да зборувам, фактички се работи за истата идеја дека не смее вишокот на профитот на производство да се префрла во дистрибуција и обратно. Фактички не смее со поставување во едно вертикално претпријатие, да се субвенционира лошото работење на одделни делови од системот.

Тука е поставен, секако намерно, принципот на справување со влијанијата врз човечките ресурси што подразбира при секоја промена на некој голем систем како што електроенергетскиот систем во земјата, нормално луѓето се исплашени од новото што доаѓа, се плашат за своите работни места, за своето знаење дали е соодветно на новите услови на работа и во овој правец законското решение кое е усвоено е најконрезвативно можно во поглед на либерализирањето на пазарот и значи најмало поместување од постојното законско решение. Одбран е модел на пазарот кој претставува најмала транзиција од постојното вертикално интегрирано претпријатие.

Мислам дека нашето законско решение е најконзервативно во регионот, меѓутоа, повторно ќе кажам дека тоа е направено во интерес токму на вработените во Електростопанството на Македонија. Фактички со ова законско решение најмалку ќе се измени процесот на функционирање на претпријатието и ќе обезбеди обезбедување на истите работни места и истата технологија на работење која е денеска присутна.

Во овој правец сакам да направам споредба со законското решение кое е тука предложено за регулирање на гасот. Имено, моделот на пазарот на гас кој е исто така третиран со амандманите кои се пред нас, ја содржи речиси истата структура, се заснива на истите принципи, меѓутоа, има една особина со која се разликува од решението за пазарот на електричната енергија, а тоа е одредбата со која на дистрибутивните претпријатија, на идните дистрибуции за снабдување со гас им е дозволено сами да го одбираат својот снабдувач со гас. Зошто е тоа направено? Тоа е направено така затоа што, за разлика од електричната енергија каде ние имаме свое производство и каде главна определба да се штити домашното производство на електрична енергија, ние немаме производство на гас и во тој поглед со ваквото законско решение максимално се поттикнува конкуренцијата на снабдување на гас од странски снабдувачи. Нормално, бидејќи гасоводот претставува физичка врска со Русија, снабдувачите со гас во овој случај ќе можат да се бираат помеѓу руските претпријатија, меѓутоа самото тоа е доволно.

Во врска со пазарот на гасот, како на пратеници ни беше поделена една информација, допис од претпријатието Мак Петрол во кое се обвинува ова законско решение односно Владата дека на тој начин ја узурпира приватната сопственост на гасоводот и притоа се повикуваат на одредбите од Директивата 55/2003 на Европската унија. Сакам да кажам потполно одговорно, бидејќи добро ја знам таа Директива која се наоѓа тука и со која се бара земјата, државата односно Владата во нејзино име за да обезбеди транспарентен пристап до преносната мрежа да именува оператор на гасоводниот систем. За таа цел ќе го прочитам членот кој се однесува од Директиравата на Европската унија која се однесува токму на оваа проблематика кој вели: земјите членки назначуваат или бараат од претпријатијата за природен гас кои го поседуваат преносот, складирањето или објекти да назначат временски период што ќе го одредуваат земјите членки, имајќи во предвид ефикасноста, економската рамнотежа, еден или повеќе оператори на системот.

Толкувањето на Мак Петрол е дека ова право по Директивата 55/2003 се однесува на сопственикот на гасоводниот систем кој во нашиот случај, за жал, не е одреден, постои спор помеѓу Владата и Мак Петрол за сопственоста, меѓутоа, сакам да нагласам дека Директивата бара од државата да назначи оператор, од земјата членка, ние сеуште не сме земја членка, меѓутоа, државата е таа која треба да назначи оператор. Притоа не е важна сопственоста. За сопственост на гасоводниот систем се добива соодветен надомест за транспорт додека управувањето со системот е одговорност на независен оператор на системот кој ќе обезбеди пристап односно пренос на гас по гасоводниот систем од субјекти кои ќе изразат потреба за тоа.

За да го направам ова посликовито, ова е еден од основните принципи исто така и во Директивата

за електрична енергија но и во Директивата за гас, ќе направам споредба со патен сообраќај. Да речеме еден пат може да биде во приватна сопственост, изграден од приватно претпријатие, меѓутоа, вршејќи јавна услуга не му е дозволено на тој приватен сопственик да го узурпира патот, односно задолжен е да дозволи пристап на секој што ќе изрази потреба да излезе со своето возило на патот и да се превезе од едно место на друго.

Токму тоа се случува во гасоводниот сектор, фактички гасоводот односно снабдувањето со гас кое претставува јавна услуга, мора да биде јавно достапно за сите кои ќе изразат желба да ја искористат оваа услуга.

Поставувањето на операторот на системот на гасоводниот систем од страна на државата е фактички поставување на независен оператор кој ќе го следи извршувањето на оваа функција. Тоа е нова функција, се воведува за прв пат со овој закон и воопшто не претставува узурпација на правата на сопственоста на гасоводот.

Принципот кој е заеднички и за пазарот на електрична енергија  и за пазарот на природен гас за кој министерот веќе зборуваше и кој е главната мотивација, покрај обезбедувањето на најниската цена на електрична енергија за донесувањето на овој закон, тоа е принципот на усогласување со директиви на Европската унија и потребата на фаќање чекор со промените, структурните реформи кои се случуваат во сите земји од регионот со цел основање на регионален пазар.

Што значи пред се ова усогласување и потребата од ова усогласување? Имено, еден од основните принципи на директивите на Европската унија во оваа насока е прогласување на снабдувањето со електрична енергија и природен гас за јавни услуги. Европа, за разлика од Америка каде што тоа не е изразено, строго инсистира на овој принцип односно што значи овој принцип, што се постигнува со него и зошто Европа толку инсистира како едно социјално општество.

Тоа е гаранцијата дека на секој потрошувач кој што е приклучен на системот и кој што редовно ги извршува обврските спрема снабдувачот, има технички исправен снабдувач, редовно и континуирано ќе биде обезбедуван со електрична енергија. Значи, не постои страв за потрошувачите кои што редовно си ги подмируваат своите обврски дека ќе останат во мрак, или дека ќе има потреба да набавуваат газиени ламби. Фактички снабдувачите со електрична енергија без разлика дали тие ќе бидат државни или приватни со овој закон ја задржуваат обврската да ги снабдат своите потрошувачи со електрична енергија по најниски цени. А, најниската цена веќе објаснив како се постигнува со обезбедување на електричната енергија од странство од увоз по пат на јавни тендери. Ваквата крута рамка на ова законско решение, морам уште тоа да го кажам е прилично неатрактивна за потенцијалните инвеститори во вашето електростопанство. И имајќи прилика да го чујам мислењето на инвститорите кои што размислуваат како приватни стопанственици кои што му забележуваат главно на ова решение што не дозволува самиот сопственик на дистрибуцијата да се снабди со електрична енергија од странство, или од било каде од свои извори со електрична по било која цена. Тоа ги намалува нивните можности да развиваат производсто во другите земји и по неконтролирана цена да ја наметнуваат на потрошувачите во Македонија.

Моето размислување, односно мојот одговор во таков случај бил дека на прашањето за законското решение треба да наметнува да не можам мојата произведена електрична енергија од странство да ја донесам на мојата приватна дистрибуција во Македонија. Одговорот бил, можеби мрежата дистрибутивна да биде приватна, меѓутоа потрошувачите не се приватни, потрошувачите со овој закон се заштитени со функцијата на јавен сервис и тие се под заштита на државата, со механизмите за транспарентно набавување на електрична енергија по тендерска постапка да го обезбедува снабдувањето со електрина енергија по најниски цени.

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги, имавме можност да го слушнеме вашето излагање, излагањето на госпоѓа Борозан која се обиде неколку пати да се врати на она што е многу интересно, а тоа е цената и после тоа повторно граѓаните да ги донесеме во ситуација да не знаат сега за што говориме и колку треба да очекуваат после сето ова, ќе испадне дека цената на електричната енергија ќе се намали. Ова што го кажувате, ова што го гледаме во Законот испаѓа дека едно претпријатие кое претставува една десетина од Електростопанство на Македонија, тоа е МЕПСО формирано после 31.12.2004 година, дека ќе може да ги преземе сите обврски, дека тоа ќе биде задолжено за регулирање на се она што значи регулиран пазар, регулирана електрична енергија да ја направи прогнозата за тоа колку енергија ќе му треба на системот во Република Македонија, снабдувачите и она што значи потрошувачи во Република Македонија да бидат максимално снабдени со електрична енергија и да немаат никаков проблем. Во меѓувреме да биде одговорен за изградбата на нови капацитети кои што за жал не само оваа Влада, оваа Влада ништо и претходните не направиле апсолутно ништо во тој однос. Значи, долго време ја очекуваме енергијата, вие кажувате дека МЕПСО ќе биде тој што ќе обезбеди нови капацитети и ќе ја почне изградбата во што апсолутно се сомневам и знам дека не е така. Понатаму, кажувате дека ќе ја увезува цела потребна енергија која што Република Македонија ќе ја има и ќе има потреба, но заборавате да им кажете нешто на граѓаните, дека за оваа година Електростопанство на Македонија купува 38% од вкупната електрична енергија која што Република

Македонија ја троши. Значи, ние во моментот произведуваме само 61%, сите термоелектрани, сите хидроелектрани и цел капацитет кој што го имаме. Сега ако вие мислите дека МЕПСО ќе биде тој што ќе биде некој фактор во европскиот пазар на енергија и дека ќе може да купува секаде енергија низ светот и тоа по најниска цена, затоа што е голем фактор и дека е од Република Македонија кој како еден систем со 1,4 гигавати инсталирана електрична енергија претставува нешто во овој југоисточен дел на Европа, мислам дека сами се лажеме. Говорите дека Рудникот Суводол има можност за работа уште 6 до 7 години. Тоа го кажуваме веќе трета година, но ништо не направивме, да почнеме нешто да сработиме и да знаеме, затоа што не е 6, 7 години со ова темпо што го работи сега РЕК Битола со трите електрани, веќе после година, две едниот блок ќе мораме да го исклучиме затоа што ќе нема доволно јаглен за да можат да се снабдуваат електраните. Ништо не е преземено за она што значи подински слоеви да ги искористиме и да почнеме да работиме на нив. И очекуваме дека некој приватник што сега ќе дојде и ќе му дадеме дел од Електростопанство на Македонија, дека тој ќе биде главниот инвеститор и главниот фактор што ќе го отвори рудникот Брод-Неотино. Госпоѓо Борозан, јас ве сваќам дека ова што го кажувавте од аспект на човек кој што се занимава со енергетиката и науката, мислам дека вака делувате многу сигурно. Но, во однос на она што заедно бевме двајцата пред една година на отварањето на рудникот Брод-Неотино и ако одиме сега после една година, ќе бидеме разочарани и вие и јас, затоа што така не се отвара рудник, а посебно ваков рудник како што е Брод-Неотино, со сите комплексности и она што го кажавте дека електричната енергија не ќе може да се покачи, или нема да се покачи, затоа што тоа е начинот на кој што ќе се признаваат трошоците. Ако во моментот во рудникот Суводол се копа ископ на јаглен со ископ на јаловина 1:3,5, со 4, таму ќе се копа 1 со 7, со 8 и квалитетот на јагленот може да е тука, или малку помалку. Но ќе имаме проблем со наводнување, ќе имаме проблем со Црна Река. Значи, има многу проблеми пред да го отвориме тој рудник. Така што тука даваме некои паушални оценки дека тоа е веќе готово завршена работа, апсолутно не држи.

Во однос на она што го говоревте за цената, прогноза и разлика. Јас уште еднаш, за жал се обидов еднаш презентирав тука и господинот Макрадули кажа дека тоа е само од едно списание, неделно списание "Фокус" кое што граѓаните на Република Македонија добро го знаат, но гледајќи го правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија, на страна 27, значи тој е овој истиот правилник за кој што почитуваниот колега Макрадули говореше, на страна 27 имаме формула за пресметување на цената на Елетростопанство после приватизацијата. И тоа апсолутно е ова што ви го покажав, потполно истото со сите дијаграми, фактори. Јас ќе го прашам министерот бидејќи ова треба да биде и економија и на граѓаните треба да им прикажеме да знаат што се овие суми, што се овие фактори, да направите еден тест, или да кажете во однос на 2003 година, бидејќи имаме завршена година и 2004 година колкаво би било покачувањето на цената на електричната енергија изразено во проценти, во денари, во центи, не знам како ви одговара вас, така да им кажете на граѓаните и да направиме една претпоставка што ќе се случи догодина со 2004 цената што ќе ја постигнете и она што ќе ни значи 2005 година, она што ние го очекуваме на пазарот. Затоа што кажав, нашата цена на електрична енергија е 3,2 центи. Ова што оваа година го увезовме е веќе 4 центи. За 2 милијарди и 300 ние плаќаме повеќе од 80 милиони евра господине министре, и тоа треба да им го кажеме на граѓаните, а тоа ќе го платат тие, нема да го плати никој друг, затоа што оние што се заштитетни тарифни потрошувачи, слободни потрошувачи сите тие ќе имаат можност утре да го ослободат Електростопанство на Македонија и тоа да почнува да се развива. Се надевам дека во продолжението на седницата незнам кога ќе биде, дека ќе имаме можност да проговориме комплетно за она што го презентиравте како закон, значи од образложение, од меморандуми, од спогодби, од правни обврски, политички обврски и тогаш пред македонската јавност да ја извадиме правата вистина. Ова што го говоревте е само еден дел од еден закон кој што вие требаше да го сработите. Значи, останува да продолжиме.

**Слободан Најдовски:** Ја прекинувам седницата.

За продолжението на седницата ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина во 18,00 часот).